**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтото продолжение на Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 април 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,27 минути.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата да си ги завземат своите места наскоро продолжуваме.

Продолжуваме со работа по Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велију, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азиз Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Љубчо Георгиевски, Марјан Додовски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Стојан Андов, Руж Ѓорѓеска, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Владо Бучковски, Тито Петковски, Веле Митановски, Јагнула Куновска, Павле Трајанов, Верица Филипова, Фијат Цаноски и Валентина Божиновска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Застанавме кај точката 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон.

Заменикот министер ќе земе ли збор или не?

(Пратеникот Слободан Најдовски бара збор процедурално).

Да, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Пред нас имаме расправа за еден закон за кој што, според мое мислење долго ќе расправаме. Имаме закон за кој што Владата ни предложи изменување на еден член, а сега ни предложи 16 или 17 нови амандмани.

Сметам дека Собранието, без потреба се вовлекува во една игра што е наметната од страна на Владата и за скоро време се сомневам дека ќе бидеме обвинети за неуспесите што Република Македонија ќе ги има во евроатланските интеграции. Значи, Владата ќе биде добриот, а ние рпатениците ќе бидеме лошиот дел.

Затоа, мојата процедурална забелешка и предлог е да ја прекинеме расправата по оваа точка и сите други точки, кои што материјали не носат ѕвездичка на насловната страна и да ги поминеме сите закони и предлози од Владата што се означени со ѕвездичка,односно како приоритетни за евроатланските интеграции на Република Македонија.

Во спротивно, мислам дека намерно тогаш и некои луѓе од овде, од Парламентов не воведуваат во играта за, ќе повторам, да се префрли целокупната вина врз пратениците. Јас сакам само да им укажам на пратениците од парламентарното мнозинство дека во во овој момент целокупата одговорнсот ја превземаат тие во оваа игра во Република Македонија. Затоа, мојот предлог е и барам поддршка, до колку вие тоа не го направите претседателе, да ги поминеме, да почнеме од сега со сите предлози на закони и материјали што се стигнати до пратениците, ќе повторам, означени со ѕвездичка за Европската унија за да Парламентот си ги заврши сите свои работи. Во спротивно, претседателот и парламентарното мнозинство се тие кои ја играат играта на премиерот и на Владата да целокупната вина се префрли на Собранието на Република Македонија.

Јас како пратеник уште сега сакам да укажам на тоа и не сакам во тоа да учествувам. А, до колку вие ја преземете таа одговорност, да некој се крие зад вас, тогаш во ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејки предлогот е радикален, должен сум да ве известам, ако не сте известени, дека на последната координација со шефовите на пратеничките групи, на мој предлог се донесе едно решение дека од следните седници веќе, прво, ниту една седница да нема повеќе од 12 точки, второ, приоритетите се распоредени по овој редослед:

На секоја седница првите точки ќе бидат ратификации на меѓународни спогодби, вторите точки ќе бидат законите за Европа со ѕвездички и дури на трето место ќе бидат другите закони.

Мислам дека тоа веќе на следните закажани седници, бројот ќе биде под 12 и ќе се држиме, како Претседателство, ќе се држиме до тој редослед. Се разбира, тука не се рачунаат седниците пратенички прашања, итните седници, вонредните случаи и т.н.

Мислам дека ова треба да се истера како што си е и да почнеме од почеток. Точно, секоја седница што од сега натаму ќе биде закажана, ќе биде по тој редослед. Мислам дека тој редослед излегува во една доста голема мерка во пресрет на вашите забелешки.

Макрадули Јани, вие сакате исто така процедурално?

Објаснив добро и беневолентно и се. Можеме да закажеме и координација по тоа прашање, но тоа е. Да им дадеме и на другите збор господине Макрадули. Ова е најконкретно. Така и ќе бидат. Јас ви гарантирам. Во најдобра намера. Тоа го решивме на координацијата. Не е нешто ново. Само по некој случај вие не сте известени.

Повелете господине Макрадули, вие баравте збор?

Добро, баравте збор. Сега, повелете.

Господинот Макрадули има збор, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас очекував заменикот минситер да даде образложение, но очигледно отсуствува желбата и волјата или прокламираната заложба на Владата да работи транспарентно, да ги објаснува проектите што се предлагаат овде во Собранието.

Инаку, веројатно, ова е мислам по петти пат, воведот ќе ми биде ист како во изминатите 7 месеци што сум го имал. А, тоа е дека мора да признаеме една умешност на Владата на ВМРО-ДПМНЕ, кога дава некој закон, го дава по една тема, потоа амандмански интервенира со сосема различна проблематика од тоа што е првичниот предлог и најчесто, значи ова по петти пат го кажувам, можам да ги дадам примерите, најчесто едниот предлог е релативно добар, а другиот предлог е проблематичен. Со една единствена цел да се создаде една слика во јавноста, како што се направи обид да се направи тоа со задолжителното средно, дека некој е за или против и сега имаме слична работа.

Бидејки јавноста сеуште, според сите истражувања, не го прифаќа така на прва топка воведувањето на веронауката, уфрлува деветолетка, концепт предложен од претходната Влада, за да бара алиби со притисоци во јавноста дали сте вие против деветолетката, а никој нема да ја спомне во овој случај веронауката.

И, за жал или за среќа на Владата, ова е петти пат што успеава некако тоа да го направи иако мислам дека јавноста веќе го откри овој трик. Истото беше, под чисто европски закон, само еден пример ќе дадам претседателе, извинете, тоа ми е последен свеж, апсолутно еден европски закон за регулирањето на пазарот на поштенските услуги непотребно се додава регулаторно тело што ја разбурка јавноста со мешањето на Советот за радиодифузија, Агенцијата за електронски комуникации и т.н. и т.н., што апсолутно е неприфатлив и не е во европскиот дел, но под закрила на евроспките директиви за поштенски услуги.

Овде имаме ист случај. Гледајки ги анализите Владата кога го дала предлогот, гледајки ги истражувањата, гледајки ги сите податоци што ги даваат институтите, дури и Институтот за социјолошко-правни истражувања се покажува дека најзаинтересирана, според таа анализа, за спроведување на веронауката е Владата. И тоа, многу повеќе него МПЦ. Ако веруваме на овој Институт, дека рејтингот на премиерот е таков, каков што е, тогаш да веруваме и на овие бројки.

Во минатиот состав имаше три обиди на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да ја воведе веронауката воосновното образование со различни модификации. Корен има во заложбите на господинот Новковски пред крајот на мандатот. Се сеќаваме, на Владата на Георгиевски и Груевски. И тогаш, на 5 ноември Уставниот суд се има произнесено по оваа проблематика. Ќе ми дозволите, без да коментирам, да ја цитирам истата. Тоа сум го направил во претходниот мандат три пати, а ова ќе цитирам од свој стенограм. Се вели, цитирам,

“Тргнувајки од уставната гаранција за слободата на верското уверување, слободата на вероисповеста, како и од принципот на одвоеноста на државата од верските заедници или религиозни групи, произлегува дека ниту државата ниту нејзините органи, со свои акти и дејствија не можат, во рамките на институциите или надвор од нив на граѓаните на Република Македонија да им наметнуваат верско дејствување во било каков вид и форма.

Државата и нејзините органи, во своето делување без исклучок мора да задржат неутралност, а со цел граѓанинот слободно да може да се определи дали ќе прифати или нема да ја прифати одредената вера. Дали ќе ја исповеда или нема да ја исповеда, дали ќе учествува или нема да учествува во верски обреди. (тука би припаднала и слободата на определвуањето) дали граѓанинот ќе ги изучува своите книги на религиозната група на која припаѓа, како и на други религиозни групи.

Сите наведени делувања, во правец на верско определување или само запознавање со религијата на било која религиозна група, преку изучување на верските книги, според изнесениот уставен концепт, граѓанинот има можност да ги реализира во рамки на верските заедници и религиозни групи и надвор од нив, според амандманот 7, точка 2, но не и во рамките на државните органи или државните училишта како јавни институции”.

Ова Одлука на Уставниот суд секогаш сме ја цитирале кога овде, во собраниските клупи сме разговарале за овие иницијативи и секогаш од СДС сме кажувале дека го преферираме прашањето на етиката и моралот, дека обидите, прво имаше да биде факултативно, тоа е концепт што се напушта во Европа факултативните предмети и дека преферираме во изборните предмети или наместо изборните предмети повеќе да се зајакнат оние заложби што и Владата ги има и тогаш ние сме ги кажувале, а тоа е информатиката од пониските години, вториот странски јазик или пак, како што е приемрот во Италија, изборен предмет, во исто време е, тој пример веројатно ќе го дадат дека се учи верското учење, во исто време изборен предмет е и фудбалот. Така што се остава можност на децата да избираат, а знаеме, италијаните се светски прваци во фудбал, па затоа ќе знаеме во која насока оделе.

И, кога и истражувањата покажуваат дека граѓаните не се за да се прифати тоа веднаш, дека државата е неподготвена а јавноста поделена, тогаш ни се уфрла предлог што апсолутно нема врска со заложбата на Владата за воведување на верското учење, туку се однесува на еден концепт, промовиран од претходната Влада, а тоа е имплементација на деветолетката. Повторно во јавноста ќе се направи вештачка

дилема дали сме ние за деветолетка или не, а суштината е сосема поинаква.

Ние, реков во изминативе 4 години на три пати како пратеничка група гласавме против воведување на веронауката во државните училишта. Повторно, нашето гласање против ќе се однесува на тоа а не на имплементацијата на деветолетката и сите алиби, дали ова се однесува на адхок амандмани што се дадени две недели после првичниот предлог на Владата се во интерес на граѓаните или не се во интерес на граѓаните.

Навистина, не би сакал премногу време да потрошиме за ова, бидејќи ќе треба да се цитирам неколку пати, и дека секуларноста во Македонија се доведува во прашање, дека Владата прави една дополнителна поделба кај децата, она што идеолошки ние не можеме да го прифатиме, а тоа е дека во даден момент два ученици кои седат во иста клупа ќе треба да отидат на различни страни , да изучуваат различни религии и тоа за нас е неприфатливо. Напротив, треба во предметите што се предвидени, во повисоките години секако, да се понуди изучување на сите, да се разреши дилемата во една јавна дебата дали сте за изучување на веронауката од еден или од друг аспект, како што и во јавните истражувања ги истакнуваат проблематичните точки, па потоа, оние кои се најповикани, родителите, во една јавна дебата да го искажат својот став. Потоа, да се зафатиме со имплементација на истите.

Се плашам дека, за жал, овде како што е дадено во Предлогот на законот, само се воведува, Владата на прес конференции зборуваше дека тоа ќе биде од петто одделение. По сите анализи, по сите истражувања, експертите кажуваат дека е тоа премала возраст на која што може да се оформи и да се создадат вистинските вредности и, мислам дека требаше Владата да извлече поука дека ова еднаш падна на Уставен суд и дека во едно мултикултурно општество, во какво што живееме, сите овие потези мора да бидат добро осмислени.

Социјолозите, да потсетам коментираат дека основците уште не се оформени како лочности и нема никакво оправдување да се подлежуваат, како што велам, цитирам “на догматски учења”. 21 век е век на технологии. Треба да понуди други вредности што треба да ги изучуваат децата или во својот развој и раст да ги имаат.

Многу дилеми има и кој ќе ја извршува наставата, дали тоа ќе бидат теолози, дали тоа ќе бидат лица кои ќе можат во овој момент да се најдат како бројка, да ги задоволат сите основни училишта, државни основни училишта во Република Македонија и т.н. и т.н. и затоа и во минатиот состав сме имале не резерва, туку сме гласале против. Не би сакал да го поистоветиме, денес ако можеме да ги разфвоиме делот што се однесува на деветолетката и делот што се однесува на веронауката.

Но, реков, Владата, знаејки дека јавноста не го прифаќа ова на прва топка, ја понуди деветолетката како “Тројански коњ” што треба да биде алиби за гласање или не на овој Предлог-закон. Не гледам причини нешто што и во минатиот состав, реков пратеничката група на СДС на три пати гласала против во овој момент да бидеме за и повторно ќе гласаме против овој предлог за основно образование. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално, повелете.

Топузова-Каревска процедурално, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Јас би сакала да ме слушне заменикот министер, затоа што нему ќе му се обратам.

Почитуван заманик министре,

Ви се обраќам вам. Јас, на самиот почеток, во што е процедуралната забелешка, очекував дека вие ќе дадете образложение, дотолку повеќе што, ако го погледнеме Законот за основно образование, што ни беше даден како Предлог на закон ќе видиме дека има голема недореченост во членот 2. Односно, вели, цитирам:

“По членот 24 се додава нов член 24-а кој гласи:

“Со наставниот план и програм се утврдуваат изборните предмети од областа на верското образование, целите, задачите и содржините, како и профилот на кадарот што ја реализира програмата””.

Понатаму, во ставот 2 вели:

“Учениците, согласно наставниот план и програма ќе можат да избираат помеѓу предметите за верско образование и неколку точки”.

Почитувани колеги, вака дадениот член не дава можност да се избира, како понатаму што стои во објаснувањето. Објаснувањето, образложението почитувани колеги, никаде не се содржи во законот. Останува членот каде што гласи “да избираат помеѓу предметите за верско образование”. И, ниту еден друг.

Кои се предмети од верско образование? Барам образложение од заменикот министер за да можеме да ја продолжиме дебатата. И за мене, меѓу другото е прифатливо дека оваа дебата треба да се раздели онака како што ни беа доставени законите. Едно е воведувањето на веронаука, почитувани колеги, а друго е деветолетката.

Тоа се два сосема различни концепти и ние така би требало да ја водиме дебатата. Во таа насока барам министерот да образложи што значи ова дадено помеѓу предмети за верско образование, кои се предметите на верското образование. Основите на религијата, Историјата на религијата, социолоција, филозофија на религија и етика, тоа почитувани колеги, не се предмети на верското образование. Токму поради тоа барем вака не се дава никаква можност за избор. Да не бидеме во заблуда, законот понатаму се применува онака како што ќе биде усвоен.

Образложението, реков, го читаме овде, а потоа тоа нема никакво правно дејствие.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Јован Лазарев, заменик министер за образование и наука.

**Јован Лазарев:** Јас се пријавив за збор, меѓутоа пратениците дискутираа процедурално. Ако заврши процедуралното, јас би сакал да земам збор.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Јован Лазарев:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, пред вас имате Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование, со Предлог-закон. Првиот текст на Предлог-законот и амандманите се однесуваат на воведување веронаука и воведување деветолетка во основното образование. Јас за двата проекти ќе кажам по нешто.

Демократското граѓанско општество, или општеството кое сака, така да се нарече го почитува основниот принцип, правото на избор на граѓаните. Во тој контекст граѓанинот, односно родителот треба да има можност да избере дали неговото дете ќе го изучува предметот веронаука, или ќе избере некој друг предмет од понудените предмети. Образованието и воспитанието секогаш како центар го има ученикот и неговите потреби. Основната цел е да се изградат личности кои ќе имаат знаење и вештини со кои ќе се оспособоат за активна партиципација во современото општество. Но, училиштата преку наставните програми треба да им помогнат на учениците во изградувањето на нивните етички и морални принципи. Воведувањето на предметот веронаука како изборен предмет не е спротивно со Уставот, бидејќи наставната програма нема да содржи содржини кои претставуваат верско дејствување. Предавачите на содржините од овој предмет на настава нема да се појавуваат во верска облека, ниту со симболи на верско обележје. Многубројните анкети спроведени во нашата земја во однос на религиозноста на нејзините граѓани покажуваат висок процент на граѓани кои се изјасниле како религиозни. Се побројните девијантни појави меѓу младите луѓе алармираат дека нешто треба суштински да се преземе во однос на изместеноста на моралните и етичките вредности. Затоа изучувањето на сопствената религија и запознавањето на религиите различни од својата е во функција кон изградување на хуманистички светоглед на младите личности, почитување на човечкиот живот, толеранција кон различностите и неконфликтноста.

Предметот веронаука како алтернативен изборен предмет ќе се понуди предметот Запознавање со религиите кои ќе го предаваат социолози и филозофи. А во следната година ќе се изучува предмет Етика, или алтернатива Граѓанска култура кои што ќе можат учениците, односно нивните родители да го изберат.

Ќе кажам какво е искуството во европските земји. Во поранешните југословенски републики во Хрватска и БиХ се изучува предметот веронаука, во Бугарија верската настава се изведува во рамките на предметот Религија, кој е изборен предмет во основното образование, во Србија веронауката е воведена во 2000-та година и тоа како изборен предмет во основните и средните училишта со алтернатива во предметот наречен Граѓанско воспитание. Во Романија верската настава е задолжителна во основните училишта. Во Русија е оставено училиштата да можат да повикуваат вероучители во договор со родителите. Во Грција веронауката е предвидена во сите училишни степени во текот на еден 13-годишен циклус. Поуката во верата започнува уште во градинките, а е задолжителен предмет за сите ученици чии што родители се православни христијани. Каква е состојбата во модерните демократски европски држави. Во Белгија веронаука изведува секој од шесте признаени конфесии. Во Ирска, Германија, Шпанија, веронауката е задолжителен предмет во основните и средните училишта, а факултативен е во Италија и Португалија. Во Луксембург веронауката е задолжителен предмет во основните, а изборен во средните училишта. Во Англија, Велс и Норвешка е задолжителен предмет во основните училишта, а изборен е во Чешка и Словачка. Со потпишувањето на Договорот меѓи МПЦ и премиерот на Хрватска во 2003 година веронаука ќе можат да посетуваат македонски деца од православна вероисповест со по два часа неделно. Значи, оние што живеат во Хрватска.

Сега нешто и за деветолетката. Се воведува деветгодишно основно образование во Република Македонија. Моделот што го предлага Министерството и Владата е во согласност со Уставот на Република Македонија. За предложените промени земени се предвид современите достигања во образованието во земјите на Европската унија препораките на Советот на Европа и на други меѓународни организации. Сепак, посебно внимание е посветено на искуството во основното образование во Република Македонија, особено на искуството стекнато во голем број основни училишта во последната деценија. Во тој поглед повеќето од предложените решенија во концепцијата за деветогодишно основно воспитание и образование всушност се проверувани училишта во Република Македонија. Меѓутоа, за некои од нив сосема е разбирливо дека ќе биде потребна натамошна разработка и конкретизација во педагошката практика. Што содржи новиот концепт?

Деветогодишното основно образование се гради на принципи и цели кои овозможуваат еднакви можности за образование на сите деца, почитување на индивидуалните разлики и овозможување на хармоничен развој на учениците. Учениците во прво одделение се вклучуваат на шестгодишна возраст, а нивното

школување ќе се одвива во три развојни периоди од прво до трето, од четврто до шесто и од седмо до деветo одделение. Развојните периоди се во сообразност со развојните карактеристики на учениците. За таа цел и наставата се организира според потребите на учиениците. Особено е значајно што се овозможува ублажен премин од одделенска во предметна настава. Концептот нуди учениците во оснивните училишта позајакнато да го изучуваат македонскиот јазик, да го изучуваат англискиот јазик од прво одделение, а вториот странски јазик од шесто одделение. Освен тоа се овозможува интегрирана настава по определени предмети и подрачја, зголемен број на часови за физичко и здравствено образование, како и континуирано користење на информатичката технологија во наставниот процес. Со изборните предмети создадени се можности учениците да можат да изберат предмети што се во сообразност со нивните интереси и способности, како и да ги зачуваат јазикот и културата на другите. Посебно внимание е посветено на интегрирање на децата со посебни образовни потреби во основните училишта, а особено за создавање на поволни услови за нивното школување. Во деветогодишното основно образование се предлага подобар систем на следење и оценување на постигањата на учениците во рамките на секој образовен период. Така навремено ќе се согледаат постигањата на учениците со цел да се преземат мерки за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, како и за постигање на квалитетно знаење кое ќе биде споредливо со знаењето на учениците на иста возраст од други држави. За прв пат во основното образование тежиштето е свртено кон правата на ученикот, како и кон неговите одговорности во наставата и учењето. Исто така, се утврдени не само надлежностите на наставниците, на родителите, стручната служба на училиштето и локалната самоуправа, туку и нивните одговорности. Новото училиште ќе води грижа за здравјето на учениците и сите вработени во училиштето, а особено ќе биде насочено кон развивање на позитивната училишна клима и културата на живеење во демократското општество. Што е потребно за успешна примена?

За успешна примена на овој модел ќе биде нужно да се организира прифаќање на децата и обезбедување на продолжен престој во училиштето според барањата и потребите на родителите. Концептот налага најголемиот дел од задолженијата учениците да ги исполнуваат во училиштето , а слободното време да го користат за дружење со своите врсници и во семејството. Успешната примена на овој концепт во голема мерка ќе зависи од поддршка на родителите и локалната самоуправа во чија надлежност се основните училишта. Се надевам дека во целата наша држава ќе се развие позитивна клима за успешна примена на новиот наставен план и новите наставни програми кои што ќе бидат во согласност со стандардите за овој вид образование во развиените држави. Само со оптимална поддршка од сите чинители во воспитанието и образованието во нашата држава ќе обезбедиме квалитетно образование на нашите деца.

**Љубиша Георгиевски:** Реплики, да видиме по кој редослед. Прв Марјанчо Николов, Роза Топузова Каревска. Имаше една заостаната реплика претходно од господин Агим Рамадани и од господинот Јани Макрадули.

Три минути реплика на излагањето на господинот Јани Макрадули.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам. Јa користам приликата да му реплицирам на координаторот на СДСМ во однос на законот кој што е предложен од страна на Министерството за образование кој што закон предвидува реформа која што е суштинска во основното образование, значи воведува деветолетка која што е поделена на три циклуси и е закон кој што е во согласност со европските стандарди. Посебо го поздравувам делот на законот каде што се акцептира веронауката за која што господинот координатор на СДСМ рече дека нема да го поддржат тој предлог. И затоа се чини дека овој закон го уништува главниот карактер на државата. Меѓутоа, ова не е вистина затоа што во сите европски држави на факултативен начин, необврзувачки така како што е и во Македонија се предлага веронауката во православната вера, во католичката вера и исламската. Што значи воведувањето на веронауката во училиштата ќе ги отстрани сите можности на екстремното делување од верски аспект, како во исламскиот фундаментализам, така и во православниот фундаментализам и во сите други фундаментализми со кои што денешното модерно современо општество се соочува со такви горливи проблеми. Што значи ученикот во училиштето ќе биде подготвуван од наставникот, од учителот кој што ќе врши запишување, упис. Вероучителите ќе бидат контролирани од социолозите, филозофите, педагозите и веронауката ќе биде незадолжителна. Затоа господинот координатор на СДСМ треба да се вклучи во содржината на овој закон, затоа што тоа е современ закон кој што ги оддалечува луѓето од една нелегална веронаука која што се одвива и кај православните и кај муслиманите. Сега кога малите ученици од пет, шест, седум години се облекуваат со несоодветна облека за својата националност и учат од книги од кои што не го познаваат ниту мајчиниот јазик. На пример, кај муслиманите на арапски јазик, кај католиците на латински јазик. Затоа ќе ве молам да не бидете против овој закон, затоа што овој закон денес не обврзува сите да се запознаеме поубаво да ги издигнеме духовните вредности на колку што е можно повисоко ниво и да се запознаеме меѓу себе подобро. Меѓутоа, јас исто така не очекувам од комунистите, сега дали комунисти, или реформирани социјалисти да кажат веднаш за законот: да. Затоа што комунистичката идеологија забрануваше секаква веронаука во сите комунистички држави до крајот на 20-от век.

**Љубиша Георгиевски:** Господинот Макрадули има контра реплика.

**Јани Макрадули:** Прво, ми се потврди тезата дека цело време ќе се зборува дека деветолетката е реформски закон, па ајде гласајте сега, што реков дека нема да наседнеме на тоа. Второ, во Европа децата учат за религии, а не да станат верници, или она што сака господинот да каже, како што се однесуваат во својата партија, да станат поданици. Зборувањето каква облека треба да носат е фундаментализам пар екселанс, извинете. Вие зборувате за тоа. Ќе ги терате како да се облекуваат. Им смета како се облекуваат децата албанчиња?

**Љубиша Георгиевски:** Сега продолжуваме со репликата на господинот Јани Макрадули на искажувањето на заменик министерот.

**Јани Макрадули:** Сосема на кратко. Заморни сме од примери кои што ги користите од Европа кога ви одговара. Треба да се однесувате европски за да прокламирате примери од Европа. Кога министерот за внатрешни работи се вози со украден џип и вие ќе зборувате за европски вредности. Немате ниту кредибилитет, ниту морално право тоа да го правите. Владата не може да дава примери од Европа кога таа нема никаква европска агенда. Цел Брисел се прашува зошто тие 53 луѓе се променети, зошто министерот за внатрешни работи се вози со украден џип и вие ќе давате примери од Европа. Гледајте си ја ситуацијата тука, борете се за квалитетно основно образование, а не давајте само алиби примери кога ви требаат. Тоа што ВМРО-ДПМНЕ можам да го разберам како демохристијанска партија е во ред за ова што се бори. Вие како социјалист апсолутно надвор е од секаков памет ова што го правите.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер, мојата реплика ќе се состои во тоа да побарам некои дополнителни објаснувања од заменикот министер. Тој во своето излагање рече дека врз основа на спроведените анкети утврдиле дека голем дел од грѓаните на Република Македонија биле религиозно определени. Би сакал да го запрашам во таа насока дали имаат спроведено анкети во рамките на оние за кои што ќе се однесува верската настава, односно учениците и кои се резултатите од тие анкети, ако може да ни каже по проценти. Би сакал исто така, да ми каже колкав процент од учениците се определиле за веронаука, а колкав процент од учениците се определиле за запознавање на религиите. И ако може, ако веќе стручно и студиозно пристапиле кон воведувањето на веронауката, да ни каже колкав е нивниот процент по однос на етничката припадност на учениците. И на крајот би сакал да го прашам, која е дистинкцијата, бидејќи во излагањето не објасни добро помеѓу веронаука и запознавање на религиите, односно дали до колку учениците се определат за веронаук ќе учат само за една конкретна религија, или вера, или ќе ги земат во предвид и другите релиции и вери во рамките на таа настава, или ако се определат за запознавање на религиите ќе изучуваат и други религии, или вери во рамките на тоа. За да не ни се случува вака како што сега има испади од страна на колегите да кажуваат точно со веронаука ќе им објаснуваме на децата како треба да се облекуваат, однесуваат и тн. Би сакал заменик министерот да ми одговори на овие прашања.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Топузова-Каревска, вашите три минути за реплика. Со ова завршуваме со репликите на исказот на министерот.

**Роза Топузова-Каревска:** Почитуван заменик министер, не ми дадовте одговор на прашањето.

Почитувани колеги, многу е сериозна работата, не се работи за да се докажуваме меѓу себе. Меѓутоа, законот почитуван заменик министер, прочитајте го ве молам членот 2, кој вели: “Учениците согласно наставниот план ќе можат да избираат меѓу предметите за верско образование”.

Почитуван заменик министер, никаде не стои она што стои во образложението, религија, етика, граѓанска култура или било што. Со вака кажано во законот не ја доведувајте во заблуда македонската јавност, во ништо друго нема да можат да избираат децата, само верско образование ќе избираат и тоа оние од христијанската религија ќе избираат православните едно, а исламот ќе избира од исламската веронаука од таа област да ја следат. Тоа значи вака дадениот закон.

Почитуван заменик министер, со оглед дека она што вие го кажавте, а и она што овде е дадено како образложение не соодвествува со законот, говоревте за меѓусебно разбирање и толеранција-какво меѓусебно разбирање и толеранција кога секој ќе си ја изучува својата вера. Не станува збор ниту пак зс меѓусебно запознавање.

Токму поради ова, би побарала да ги добиеме стенографските белешки од вашето излагање и како уште една контрадикторност што овде ни е доставена, а во ова што се кажува за верското образование, ќе прочитам:”Живеејќи во време кое е оквалификувано како духовно сиромашно се наметна потребата од верското образование”. Не говорам за основи на религијата и историја на религијата, за верското образование. Зарем верското образование не вели дека еден од основните постулати на христијанството е блаженството, а блажени ќе бидат оние што се сиромашни по дух? Ако е така, тогаш е контрадикторно она што нам ни се нуди. Токму во таа насока јас би ги побарала стенограмите и пауза од половина час за да ни бидат доставени стенографските белешки. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете пауза од половина час.

(Реакција од пратеника со зборовите “Одговор треба да добиеме”.)

Министерот одговара за себе, јас одговарам на барањето од пратеничката група за пауза од половина час. После паузата ќе продолжиме, не се завршува ништо тука. Вие побаравте пауза и објавувам пауза од половина час. Јас очекувам дека кога ќе побарате нешто, ќе дадам пауза и ќе биде во ред.

Објавувам половина час пауза.

(Пауза од 12,30 до 13,17 часот).

Продолжуваме со работа.

За збор се јави министерот за образование и наука.

Повелете господине министер.

**Сулејман Рушити:** Благодарам претседателе.

Сакам да одговорам на неколку прашања заради разјаснување. Што се однесува до членот во кој се вели дека учениците согласно наставниот план и програма ќе можат да избираат меѓу предметите за верско образование, тука е јасно дека предметите Веронаука и Историја на религии или запознавањењ со религијата ќе бидат изборни предмети, но во верско образование се смета и предметот Запознавање со религиите, бидејќи тоа е веќе образование за религиите, а се сметаат и предметите Веронаука, значи класична веронаука. Тоа е во врска со едното прашање.

Второто прашање што се однесува на продолжениот престој и целодневната расправа, да кажам дека ние предвидуваме согласно плановите и програмата продолжен престој. Инаку, концепцијата за деветолетката без продолжената настава, значи не целодневниот престој туку без продолжената настава не може ни да се имплементира. Што значи продолжениот престој на децата? Тоа значи да речеме ако завршува со предметната настава учителот, во рамките на тие часови еден час подоцна или два часа подоцна да се грижи за децата додека родителот не ги земе од училиштето. Значи ништо не се менува, а целодневната настава останува по барање на родителот исто како досега, а тоа значи државата зема за обврска да обезбедува негуватели, а родителот поради тоа што е дополнително барање плаќа само за хранарината. Значи во тој дел не се менува за целодневната настава, само се воведува продолжениот престој. Продолжениот престој ќе се одвива од наставниците, од учителите кои се во истиот процес на тој ист клас. Тоа е едно мало објаснување. Продолжениот престој не значи целодневна настава.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега има збор господинот Тале Герамитчиоски.

(реакција на пратеничката Роза Топузова-Каревска).

Не ве слушнав што рековте.

**Роза Топузова-Каревска:** Почитуван претседателе, образложението на министерот се однесуваше на прашањето кое јас го поставив и затоа ве молам да му одговорам на министерот. Бидејќи ова беше говор, јас барам реплика на министерот.

**Љубиша Георгиевски:** Само не се јавивте на време.

Повелете вашите три минути.

**Роза Топузова-Каревска:** Почитуван министер,

Очигледно не се разбираме во делот на верското образование. Имено, разликата е во тоа што вака дадениот закон, односно членот 2 ставот 2 не е соодветен на образложението, односно е контрадикторен, затоа што вели дека меѓу предметите за верско образование учениците избираат. Во образложението вели меѓу предметите Веронаука, Историја на религија, етика и граѓанска култура. Предметот Историја на религија, етика и граѓанска култура не е верско образование. Вака дадениот член упатува на тоа дека учениците ќе можат да избираат во рамките на верското образование и тоа условно меѓу православната религија, исламот, католичката итн, а не да избираат меѓу останатите предмети. Во суштина се менува она што сега јас го кажувам и она како што е дадено во законот. Токму поради тоа побарав да се дефинира добро, во законот можеби е направена техничка грешка, за да можеме натаму исправно да ги насочиме нашите дискусии. Верувајте дека вака како што е дадено избираат само меѓу предметите за верско образование. Значи не е факултативно верското образование, туку е задолжително, исклучиво учениците можат да изберат според она на која религија односно конфесија и припаѓаат тоа да го слушаат од Веронауката, што верувајте не дава можност за избор ниту на родителите ниту на децата. Не можат учениците да избираат, избираат само дали ќе слушаат да речеме за православната или да не кажувам друго, за католичката вероисповест. Тука е недоречен законот вака како што е кажано во членот 2.

Затоа, би било добро Владата со еден амандман да го дефинира добро ова што и вие го говорите, значи она што го зборувате за мене е прифатливо и тоа да биде решено со еден амандман кој што ќе биде попрецизен. Секако дека не мора во амандманот да стојат предметите, но да биде прецизно дефиниран членот. Вака даден членот навистина не го одразува она што вие го говорите, ниту пак она што вашиот заменик го кажа во образложението.

**Љубиша Георгиевски :** Благодарам.

Сега збор има господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеници,

Дозволете во кратки црти да го искажам своето мислење во однос на Предлог законот за изменување на Законот за основно образование.

Бидејќи во текот на временскиот период откако беше поставен како точка на дневен ред до денес настанаа битни промени преку поднесување на 19 амандмани, кои не се однесуваат на

проблематиката на измените на Законот за основно образование, ќе ми дозволите во ова мое изјаснување сега да се осврнам само на првиот дел, на делот на воведување на верското образование во основното образование, а потоа доколку оценам за потребно ќе се произнесам во однос на 19-те амандмани кои се однесуваат на прецизирање на законските одредби за имплементација на деветолетката.

Што е она што е спорно барем кај мене со предлогот на измените на Законот за основно образование со воедување на веронауката? Јас би го лоцирал тоа во два блока, а тоа е мое лично убедување. Првиот блок се однесува на усогласување со уставните одредби во Република Македонија и ќе дозволите да ги искажам своите дилеми, отворени прашања за кои сметам дека вреди да се дискутира. Вториот блок е околу самата содржина на законот, односно непонудените содржини кои досега барем не сме имале прилика да ги видиме, кои можат да доведат до вакви или онакви дискусии кои во крајна линија потоа можат да се оценат како беспотребни.

За првиот блок односно уставните измени за усогласување со Уставот на Република Македонија, почитувани колеги, ова е втор пат преку измена на Законот за основно образование обид да се воведе веронауката во задолжителното основно образование. Првиот обид во 2002 година преку измена на Законот за основно образование беше безуспешен бидејќи беше поништен од страна на Уставниот суд. Зошто ова го споменувам? Бидејќи оние што ги прават секогаш законите или условно кажано се надлежни да ги бранат законите пред овој собраниски дом, мора да се поучат од искуството, негативното искуство кое претходно еден законски проект го поминал, да извлечат соодветни заклучоци и поуки за да се избегнат замките од повторување на истото.

Длабоко ги анализирав причините зошто Уставниот суд ја поништил претходната одлука, направив компарација со сегашниот предлог и верувајте, прејудицирам но постои голема веројатност, повторно Уставниот суд да го поништи законот. Дозволете да објаснам зошто.

При првото поништување, Уставниот суд поставил две клучни прашања. Првото прашање било дали воведување на Веронауката во јавното образование значи верско дејствување во рамките на државните институции, тоа е првото прашање кое го поставил. И второто прашање, дали преку воведување на Веронауката во јавното образование државата всушност дава повластен третман на одредени религии или не. Нашиот Устав е така конципиран што на овие две прашања се даде негативен одговор, но Уставниот суд оценил дека преку тогашните измени се дава позитивен одговор.

Значи, што е разликата меѓу тогаш и сега? Разликата е во три дела. Наместо тогашниот предлог свештеници да предаваат, сега барем според она искажување што сум го слушнал во јавноста од страна министерот, заменик министерот, на комисии, образложенија, бидејќи не сме виделе некој друг официјален документ и дозволете, можеби грешам во оценките, но според она што сме го слушнале, наместо свештеници сега се предлага предавањата да ги држат теолози, ако не се лажам. Тука е суштински разлика меѓу 2002 ви за ви 2007 година.

Второ, наместо во трето одделение да се учи предметот како што се предлагаше тогаш сега се предлага да биде во петто одделение.

И трето, наместо изборен како што беше тогаш, сега е задолжителен. Внимавајте, задолжителен е предметот, се кажува дека е изборен, но всушност има примеси на задолжителност, бидејќи се дава избор меѓу два предмети, ама задолжително од тие два предмети едниот треба да се избере. Исправете ме ако грешам. Дали да избери Историја на религијата или Веронаука, значи задолжително еден од двата предмети ќе треба да се избере, значи има примеси на задолжителност. Тоа е битната разлика во однос на 2002 година.

Понатаму, каде е замаката која Уставниот суд ќе ја оценува? Пак се враќам на првите две прашања, дали со воведувањето на Веронауката во јавното образование значи верско дејствување во рамките на државните институции, со тоа што теолози ќе предаваат наместо верски лица се избегнува замката во однос на 2002 година, ќе биде потешко да се процени дали всушност се нарушува секуларноста на државата, дефинирана преку Уставот. Тука е дискутабилно како тоа ќе се процени или оцени, но очигледно е дека има одредени примеси во кои се доведува до сомничавост.

Но второто прашање, дали воведувањето на Веронауката од страна на државата значи фаворизирање на две религии, е точно, бидејќи од досегашните искажувања пак ќе кажам, бидејќи ние не видовме содржина на предметот Веронаука-јас побарав во јавна дебата во една јавна емисија од претставникот на Бирото за развој на образованието ми беше одговорено дека тие немаат ни почнато да ја изготвуваат содржината на предметот. Можеби ова мое искажување нема да биде точно ако ние ја видевме содржината на предметот. Можеби јавноста е во заблуда и немаше да бидат отворени сите овие дебати, за кои очекувам дека ќе бидат отворени најмалку во денешниот ден, ако ние ја видевме содржината на предметот. Вака од искажувањата проценуваме и оценуваме со резерва дека се фаворизираат две религии, православната и исламската религија.

Македонија е мултинационално и мултиконфесионално општество во кое постојат и други религии и се доведува во прашање уставно загарантираната преку Седмиот амандман еднаквост на религиските групи во Република Македонија и една групација за која можеме ние да замижуваме но постои, тоа се атеистите, преку

изборот, дали изборот од страна на родителот овозможува да не се избере ниеден. Не, затоа што кажав дека сега се прекрши принципот на изборност и се воведува принципот на задолжителност, еве, потврдено е, нека избере Историја на религија.

Ако погледнете во содржината на Законот, Уставниот суд во 2002 година го оценуваше членот 13 од Законот за основно образование во кој што се забранува, цитирам: "Во основното училиште се забранува политичко и верско организирање и дејствување". Тоа му беше добар основ да го поништи Законот по тој дел. Сега, во измената на Законот, во членот 13, се менува и гласи: "Во основното училиште се организира и верско образование како избран предмет. Во основното училиште се забранува политичко организирање и дејствување и истакнување на партиски обележја". Значи, ќе може да се поставуваат верски обележја и ќе може да има верско организирање, бидејќи со новите одредби на членот 13 вие го бришете тоа. Дали ме следите? Сега се овозможува верско организирање во училиштата. Таа е голема замка почитувани колеги, која што не можете да ја контролирате. Ова беше поставено на Комисијата за образование и наука од заменик министерот. Тој не можеше прецизно да одговори што се подразбира. Не можете само во делот на организирање на веронауката, како предмет да го бришете тоа во Законот и да давате поширока слобода. За последиците треба да бидеме сите свесни дека е можна злоупотреба по верски обележја. Она што нам најмногу ни смета, повторно нека бидам обвинет дека ние сме против ова или против она. Основните начела на образованието, барем кај мултиконфесионалните општества е ако може образованието да ги интегрира децата , да ги сплотува во еден систем со исти принципи на образование. Дозволете да го искажеме нашиот страв, па да бидеме обвинети дека сме комунисти, кои што не дозволувале верско учење. Постои голема опасност децата кои што по природен пат се поделени по јазична бариера и основа, таква ни е културата на живеење, така сме конституирани како општество и од тоа бегање нема, да бидат и по втор основ поделени, по верска основа при организирање на веронауката. Тоа е голема замка. Значи, од петни жили сме настојувале и Македонци, и Албанци и сите кои сме биле и сме уште во постојниот систем да направиме заеднички напори децата да учат заедно во еден систем. Јас верувам дека од тие принципи не е отстапено. Постои голема опасност како ќе се организира и ќе се контролира тој процес при изборот на веронауката, децата да треба да се поделат. А ќе мора да се поделат, заради начинот на организирање на наставата и ништо заедничко. Не ви зборувам за историјата на религијата. Ви зборувам за другиот предмет, за веронаука во кој што елементот на догматскиот дел, не знаеме колку ќе биде застапен. Повторно ќе се вратам на вториот голем блок, не ја видовме наставната содржина. Можеби тоа нема да биде така страшно и за мене лично, човек кој што бил инволвиран во овие процеси, дозволете да го кажам своето мислење. Погрешен е начинот, методот, механизмот кој што се спроведува за да се воведе да се реализира овој проект. Прво беше потребно да се направат содржини како и да се обезбеди транспарентност во јавноста. Не само за пратениците. Јавноста да види како ќе биде тоа организирано, кои наставни содржини, кој догматски дел од религијата, од тие две религии ќе биде застапен за да судиме, проценуваме. Можеби сме параноични. Можеби тоа нема така да биде но, сите досегашни информации предизвикуваат одредена параноја кај нас.

Конечно, повторно да се вратам на самиот член 1. Жал ми е што можеби се пропушти можноста, немам убид амандманите како се. За мене постои голема опасност, почитуван министер, за она што ви го посочив: бришење на делот од членот 13. Значи, се забранува истакнување на партиски верски обележја. Мислам дека ќе се злоупотребува. Памтете ми ги овие зборови. Ќе предизвикува дополнителни иритации кај одредена популација, особено во мешаните училишта. Ние маки сме мачеле, како едни безазлени судири меѓу децата да не прераснуваат во масовни тепачки и да не примаат меѓунационални примеси на недоразбирања, иако биле безазлени судири по други основи. Сега во Законот им овозможувате истакнување на верски обележја. Имате училишта со различни верски убедувања, училишта во кои што има атеисти, училишта во кои што има адолесценти кои не ќе можете да ги контролирате по однос на разни постапки. Со ова поставуваме темпирана бомба. Дај Боже да сум параноичен, но праксата ќе покаже дали сум во грешка, или не сум во грешка. Значи, повторно ќе повторам, гледам дека реагирате. Погледнете го членот 1 каде што сте предложиле во вториот пасус и погледнете го и споредете го назад член 13 во кој што ја правите измената. Вели:"Во основното училиште се забранува истакнување на партиски и верски обележја". Сега вие предлагате: "Во основното училиште се забранува политичко организирање и дејствување и истакнување на партиски обележја". Верските обележја се брише. Сакав да кажам за моите стравувања. Доколку оценам за потребно во вториот дел амандманските измени кои што се внесуваат за деветолетката, можеби повторно ќе се јавам за збор за тој дел. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Николовски, вашите три минути.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Со колегата имаме плодни дискусии изминатите неколку дена поврзани со образованието. Јас би сакал да кажам зошто, кратко во три минути, ВМРО-ДПМНЕ е за овој закон, односно е за воведување на веронауката. Ќе се обидам многу кратко да ги набројам нашите ставови.

Прво, за сме од идеолошка причина, заради тоа што нашата партија е конзервативна центар десна и христијанско демократска партија и веруваме дека религијата е една од темелите за создавање на здраво општство, општество кое што продуцира здрава генерација, која што продуцира квалитет и која што продуцира општствено здравје.

Втората причина поради која што сме за воведување на веронауката во образованието и за воведување на историјата на религијата во образованието е заради тоа што во Република Македонија на многу ниски граници е доведен моралот, етиката помеѓу младата генерација и помеѓу генерациите во кои што јас припаѓам во кои што имаме напуштање на традиционални вредности, на она што се вика почитување на семејството и се повеќе општеството ни тоне, од многу едноставна причина што се изгубија основните вредности, кои што сметаме дека можат помеѓу другото да се најдат и во религијата.

Третата причина поради која сме за воведување на веронауката во образованието е тоа што и на Македонија и се случува веќе феноменот што се случува во многу европски држави, тоа е проблемот на демографијата, проблемот на драстично опаѓање на наталитетот, проблемот на практично испустување на голем дел од македонските градови и села, кој што не е поврзан само со религијата, кој што не е поврзан само со сфаќањата, кој што е поврзан со многу други прашања но суштествено потекнуваат од тука. Исто така би сакал да одговорам на неколку прашања.

Прво, е по однос на правото на избор. Апслутно, учениците, односно нивните родители ќе имаат право на избор, заради тоа што покрај веронауката ќе можат да изберат и историја на религии. Сметаме дека ова е одличен начин во општество, ако сакате и во свет кој што е доминантно религиозен, да се видат разликите помеѓу различните религии и да се најдат исто така, заедничките точки и тоа е најдобриот начин како да се интегрира општеството. Најдобриот начин како да се интегрира мултиконфесионално општество доколку се познаваат религиите и доколку има сознание меѓу религиите и доколку најбитно, не се меша националното со религиозното, што за жал многу често се случува во Македонија.

На крајот, сметаме дека ова е еден мал чекор напред во враќање на она што се нарекува традиција во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете госпоѓица Грковска, имате процедурално три минути.

**Славица Грковска:** Претседателе, јас мислев дека треба да го прекинете претходниот дискутант, заради тоа што ја злоупотреби репликата, за да каже свои ставови, а не да реплицира и да полемизира со ставови на господинот Герамитчиоски.

Со оглед на тоа што ова често се случува од страна на пратениците од парламентарното мнозинство, јас ви укажувам да го имате тоа предвид и да не дозволите во иднина тоа да се случува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас треба да ви кажам дека тоа е нормално во Парламентот кога некој реплицира да ги изложи своите ставови. А тоа што тие ставови се спротивни на ставовите на претходниот дискутант е исто така, многу нормално. Ако одам по таа линија репликите да ги ограничувам, верувајте ми многу посиромашно ќе делува Парламентот и верувајте ми , сите вие ќе се почувствувате со врзани раце и први ќе се предомислите. Одиме понатаму.

Има збор господинот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас на почетокот би сакал да изразам задоволство од храброста и решеноста на Владата овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование го стави на дневен ред и по него да се дискутира.

Она што на почетокот некои пратеници од СДСМ и од ЛДП бараа одложување, ќе напомнам само дека овој закон треба под итно да се донесе, затоа што се предвидува со уписот во 2007/2008 година за прво одделение да отпочне. Знаеме дека и конкурсите и она што се статистички показатели, колкав ќе биде бројот и потребата за упис во прво одделение, ќе треба да отпочне некаде во мај месец, така да периодот е многу тесен. Оттука, сметам дека и опозицијата ќе има разбирање за донесувањето на ваквиот Предлог на закон за основно образование.

Сега би се навратил на она што овој закон го предвидува. Ќе кажам на големо задоволство една голема благодарност до Министерството за образование и наука затоа што навистина ја увиде потребата за воведување на веронауката и воведувањето на часовите по физичко и здравствено воспитување од прво одделение па натаму, со зголемен број на часови. Ќе се навратам на она што е првичното околу верското образование, или веронауката, која што треба да се воведе во образованието, поточно во деветолетката.

Сметам дека воведување е исклучително значајно и дека е потреба. Она што сакам да го кажам, јас ги разбирам левичарите, поточно СДСМ, затоа што сеуште можеби не можат да се ослободат од онаа идеолошка матрица која што во изминатиот период ја имаа према верата, поточно према веронауката.

Би сакал да напомнам дека и изучувањто на веронауката сметам дека требаше да биде малку повеќе опфатено, не само во петто одделение, туку да биде во деветолетката опфатено од 5 до 9 одделение и би требало во новиот закон за образование кој што ќе следи, Министерството за образование и наука ги разгледа овие потреби во овој временски период на изучувањето од 5 до 9 одделение да се воведе веронаука. Она што сакам да го напомнам дека во средното

образование го имаме граѓанското и етичкото. Сметам дека не би требало да има воопшто граѓанско образование и етика во она што е основно и задолжително образование, бидејќи ова се изучува во средното образование. Мислам дека има потреба од повеќе имплементација и воведување на веронауката во основното образование затоа што со самото воведување на веронауката, човекот и самиот со себе се осознава.

Она што некои од претходните дискутанти го напомнаа дека тука ќе бидат ставени некои можности, или да кажеме обучување за носењето, јас ќе напомнам дека сето тоа во училиштата се решава со еден кодекс на однесување и кодекс на облекување на учениците во образованието, а не со еден ваков закон, затоа што сметам дека можеби СДСМ во нивниот кодекс кој што го донесоа неодамна, можеби го имаат и тоа предвидено.

Ќе се вратам на она што е историја на религијата и веронаука. Сметам дека тука наставниот процес, поточно наставните програми ќе бидат усогласени во зависност од потребите и мислам дека нема потреба од стравување, она што се нарекува дали тука ќе имаме можност од одредена манипулација или не, одредени наставни програми што ќе ги подготвува Бирото за развој, ќе ги подготвува Министерството за образование и наука, онака како што смета дека е најпотребно да се изучува веронауката и историјата на религијата.

Се напомна нешто околу свештениците и околу теолозите. Јас ќе напомнам дека тука немаме голема разлика затоа што и теолозите можат да извршуваат обреди во црквите, поточно да бидат свештеници. Оттука, не ја гледам ра зликата зошто да не може и свештениците да предаваат во образованието.

Меѓуетничките конфликти кои што тука се напомнуваат од претходниот дискутант дека тука има судири и тепачки во училиштата, јас ќе напомнам дека во последно време се вртат и одредени порно снимки кои што на мобилните телефони се снимаат во самите училишта. Со изучувањето на веронаука, мислам дека она што е моралот кај самите ученици ќе биде подигнат на многу повисоко ниво и ќе знаат да ги ценат човечките особини и карактеристики.

Сега би се навратил околу она што се предвидува со законот или деветолетката околу физичкото и здравствено воспитување. Ќе напомнам дека овој предмет е од големо значење затоа што огромен дел на учениците кои што се наоѓаат во адолесцентниот период, или кај кои што почнува пубертетот во основното образование, сметам дека не само со зголемувањето на бројот на часовите, туку и со соодветна стручна работа би требало да бидат зачувани овие критериуми.

Моето лично размислување е дека изведувањето на наставата по физичко и здравствено воспитување од прво одделение па се до завршување на деветолетката треба да го изведуваат соодветни стручни лица или професори по физичко и здравствено воспитување.

Сметам дека овие забелешки во иднина ќе бидат прифатени од страна на Министерството и уште еднаш ќе напомнам дека со задоволство ќе го гласам овој Предлог на закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави госпоѓа Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам господине претседателе.

Да бидам искрена, од почитуваниот колега очекував некое поиздржано образложение во насока на Предлогот на законот за основно образование во оној дел каде што се говори за воведување на верското образование. За жал, не го слушнав тоа и морам да кажам дека почитуваниот колега говори нешто друго, отколку она што ни го нуди законот. Значи,  тука се заложува за изборен предмет на веронауката или историјата на религијата. Јас укажував и до крај мислам да укажувам на тоа дека вака како што е даден законот не го нуди тоа. Единствено, нуди избор помеѓу верското образование.

Почитуван колега, меѓу другото не направивте разлика помеѓу веронауката што опфаќа предавањето од веронаука и што опфаќа предметот историја на религијата. Историјата на религијата подразбира паралелно изучување на сите религии што навистина ќе придонесе за заемно познавање на припадниците на различни како етнички, така и припадници на различните конфесии и тоа навистина, придонесува за поголема толеранција и меѓусебно разбирање. Се друго, затворајќи се во сопствените рамки, не нуди добро за Република Македонија. И она што вие го кажавте околу подигањето на моралот, мислам дека кога веќе говорите за тоа, јас да, се согласувам со вас, дека навистина во последно време имаме доста загрижувачки појави и нарушување во голема смисла на моралните вредности на општеството, но еден експерт, кој што е близок до вашата партија секогаш до крајот ќе цитирам исклучиво литература на експерти кои што вие ги признавате, вели дека според едни истражувања спроведени некаде после 2000 година во подолг континуитет 70%, анкетата се работи од Институтот за политички и правни истражувања, каде што дури 70% од испитаниците го делат гореизнесеното гледиште и сметаат дека честа и моралот немаат голема врска со религијата. Значи, говориме за различни работи. Да, се согласувам дека треба истата да биде покомпетентна во образованието и покрај тоа настојувам да им се даде можност на децата да избираат помеѓу веронаука, историја не религијата, етиката, значи да биде факултативно. Вака е обврзувачко. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Вашата контра реплика господине Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Не очекував ценетата колешка да ме разбере, затоа што нормално, дека сме на две бранови

должини. Јас сум верник, демохристијанин и за мене веронауката е пред се, додека за нив таквите, ќе биде историјата на религијата со што и овој Предлог на закон го предвидува.

Она што сакам да го напомнам, изучувањето на Библијата, изучувањето на веронауката, значи и можност, или духовно сознавање на самиот себе си и она што Библијата најмногу не учи, тоа е толеранцијата која што треба да ја имаме меѓу себе. Меѓусебното почитување и респектирањето и толеранцијата која ќе биде. Духовното осознавање, значи осознавање на самото битие, на самиот човек кои што ќе бидат надминати неморалните и нечовечките појави. Едноставно, ќе бидеме човечни со душа и со поглед према Бога. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Пауза за ручек до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,14 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Продолжуваме со седницата.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе,

Јас би сакала најнапред уште еднаш оштро да реагирам заради начинот на кој што сметав дека го надминавме како начин на однесување на Владата визави Парламентот а тоа е поднесување на амандмани од страна на Владата откако сите рокови се утврдени, амандмани што се суштински и со тоа ускратување на правото на пратениците со поднесување на амандмани да можат да влијаат на одредени решенија од законите што се предлагаат, со цел да понудиме и поквалитетни решенија во законите што се доставуваат до пратениците.

Сега се доведовме во ситуација целата концепција за деветтолетката да ја добиеме како амандмани, меѓутоа немаме можност да реагираме и покрај тоа што имаме одредени забелешки. За тоа беа свесни сите пратеници, за тоа е свесен и министерот дека има и технички пропусти, одредени непрецизности што можевме да ги решиме доколку имавме можност да поднесуваме амандмани. Јас, апелирам ова да не се случува повеќе заради тоа што сметам дека никој не треба да се плаши од можноста пратениците да поднесуваат амандмани заради тоа што сите амандмани што досега се поднесени се конструктивни и биле во прилог на подобрување на одредени законски решенија.

Ќе се задржам само на делот за веронаука, заради тоа што реков, заради ваквиот потег, воопшто не сакам да навлегувам во материјална расправа за тоа што се нуди како решение преку амандмани доставени до пратениците, заради тоа што сметам дека е прилично сериозно прашањето што денеска ни се нуди, имајќи ги предвид уште повеќе одредените контрадикторни ставови што ги слушнавме и од претставниците на Владата, меѓутоа и од парламентарното мнозинство.

Добивам впечаток дека не постои јасна разлика или не се прави јасна разлика помеѓу веронауката и историјата на религиите. Или пак можеби е тоа така тенденциозно.

Кога зборуваме за прашања што го тангираат образованието, лично сметам дека треба да тргнеме:

Прво, кои се приоритетите што ние би сакале да ги постигнеме во образованието со вакви решенија?

Второ, од кои причини предлагаме вакви решенија? И

Трето, која е целта што сакаме да ја постигнеме со ваквите решенија.

Ако се потпреме на тоа што го слушнавме до сега, можеме да заклучиме дека предлагањето на предметот веронаука да биде еден од изборните предмети е прашање на чиста идеологија, на десничарска идеологија, демохристијанската на која што ВМРО-ДПМНЕ е предводник како најголема партија на власт и јас го почитувам тоа што моите колеги пратеници тоа отворено го кажаа, дека станува збор за реализирање на нивната партиска идеологија. Тоа се совпаѓа, во еден дел со испитувањата што ги правеа релевантните институции, дека веронауката или воведувањето на веронауката во најголем дел е политички наметнато, многу повеќе отколку што е тоа иницијатива од верските заедници или пак од граѓаните.

Ние се соочуваме, како држава, по втор пат политички да биде наметнато, од истата политичка партија, прашањето за веронаука без притоа да процениме кои се приоритетите и што е она што сакаме да го постигнеме. Ако целта што сакаме да ја постигнеме е тоа што се зборува тука, дека ќе се решат во еден дел девијантните појави кај учениците итн, тогаш постојат експерти кои тврдат дека тоа може да се реши со други предмети, како што е етиката итн. Ако се тврди дека ќе се овозможи стремеж кон духовното зајакнување на верски идентитет, стремеж кон духовното на сметка на материјалното богатство, ако е целта заемно запознавање на религиите, тогаш е тоа сосема контрадикторно од она што се зборува од страна на Министерството за образование дека во рамките на веронауката децата ќе учат само за верата на која што и припаѓаат. А оние кои ќе се одлучат за предметот Историја на религии, ќе ги изучуваат религиите на поголемите светски религии.

Значи, за оние ученици кои ќе се одлучат за предметот веронаука, ќе ги поделиме во две групи и секоја ќе изучува за својата религија. На тие деца ќе им го ускратиме правото да дознаат за останатите религии, тогаш не можеме да зборуваме за взаемно запознавање. Ако секој ученик ја изучува само својата религија, тогаш за какво взаемно запознавање разговараме? Ако е целта взаемно запознавање на религиите, тогаш тоа оди повеќе во прилог на воведување предмет

Историја на религиите или Филозофија на религиите или пак можеби, во еден дел етика, ако сакаме да зборуваме за други принципи, морални принципи што сакаме да ги зајакнеме кај учениците отколку со воведување на предметот веронаука, што е проблематичен од повеќе аспекти.

Значи, со ваквите потези ние го правиме најлошото нешто што би можеле да го направиме, кога станува збор за религијата, а тоа политизација на религијата. Тоа е факт. Тоа е аргумент од кое што парламентарното мнозинство не може да бега. Ова е втор обид по секоја цена, преку религијата да се постигнат одредени политички цели.

Така можам да ја толкувам и изјавата на премиерот Груевски кој во текот на празниците даде една изјава во која што, ќе парафразирам, рече, ќе видиме сега кој ќе биде против воведување на веронаука. Како би требало да го сватиме тоа?! За тие кои се против воведување на веронаука дека не се верници?! Не можам да се согласам дека е тоа така, заради тоа што вероисповеста е индивидуално чувство на секој граѓанин на Република Македонија и тука не гледам причина политиката да се меша воопшто и да ги дели учениците по верска основа и на ваков начин. Затоа што ние, неминовно, со ваквиот концепт што се нуди, ќе направиме поделба на учениците по верска основа. Наместо интегрирање ние ќе овозможиме дезинтегрирање на учениците и тоа по неколку основи. Едно е по верска основа помеѓу две религии, православната и муслиманската, заради тоа што во прво време само овие две религии ќе се изучуваат и од тој аспект ќе ги ставиме во нерамноправна позиција останатите верски заедници, останатите религии што се дури и гарантирани со Уставот, а да не зборувам за дел од светските религии што не постојат или не се практицираат во Република Македонија.

И, третиот основ, визави атеистите или визави оние родители кои воопшто не сакаат нивните деца да изучуваат веронаука или историја на религии итн, што не мора да значи дека се атеисти, меѓутоа едноставно, нивната проценка е дека нивните деца не треба да се оптоваруваат со вакви дополнителни предмети.

Ваквата концепција уште повеќе ќе прави проблем во училишта со мешан етнички состав и за тоа треба да бидеме свесни. Се надевам дека Министерството бара модели и решенија со кои што ќе ги надминува одредените проблеми што ќе произлезат од ваквиот проект, што несомнено ќе се изгласа, заради мнозинството што ја поддржува владеачката гарнитура.

Претставникот на Владата вели во излагањето дека воведувањето на предметот веронаука, како изборен предмет, не е во спротивност со Уставот, бидејќи наставната програма нема да содржи содржини што претставува верско дејствување.

Мислам дека доаѓаме во една многу интересна ситуација. Министерот, пред само неколку дена не убедуваше дека задолжителното средно образование не е регулирано со Уставот и според тоа значи дека не е ни забрането. Сега, се доведуваме во ситуација, кога имаме чиста уставна одредба, во која што се вели, во членот 19 дека се гарантира слободата на вероисповеста, Македонската православна црква како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-Методистичката, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи, слободни во основањето на верски училишта и на социјални и добротворни установи, во постапка предвидени со закон, меѓутоа истите тие се одвоени од државата и се еднакви пред закон.

Јас навистина се чудам од преголемата леснотија со која што е дадена ваквата изјава дека нема никаков спор со Уставот, заради тоа што членот 19, според мене е јасен. Уште повеќе, заради тоа што веќе имаме една Одлука на Уставниот суд што се однесува токму на ова прашање.

Само да потсетам, тоа го кажа и господинот Макрадули, меѓутоа јас чувствувам потреба заради интерес на јавноста да прочитам еден дел од Одлуката на Уставниот суд што не се однесува на тоа какви ќе бидат содржините, туку напротив, на следното:

“Тргнувајќи од уставната гаранција за слободата на верско уверување, слободата на вероисповеста, како и од принципот за одвоеност на државата од верските заедници и религиозни групи прозлегува дека ниту државата, ниту нејзините органи со свои акти и дејствија не можат во рамките на институциите или надвор од нив на граѓаните на Република Македонија да им наметнуваат верско дејствување во било каков вид и форма.

Државата и нејзините органи во своето делување, без исклучок, мораат да задржат неутралност, а со цел граѓанинот слободно да може да се определи дали ќе прифати или нема да прифати одредена вера, дали ќе ја исповеде или нема да ја исповеда, дали ќе учествува или нема да учествува во верски обреди. Тука би припаднала и слободата на определувањето дали граѓанинот ќе ги изучува светите книги на религиозната група на која и припаѓа, како и на други религиозни групи.

Сите наведени делувања во правец на верското определување или самозапознавање со религијата на било која религиозна група преку изучување на верските книги, според изнесениот уставен концепт, граѓанинот има можност да ги реализира во рамките на верските заедници и религиозни групи и надвор од нив, но не и во рамките на државните органи и државните училишта како јавни институции”.

Имено, верската настава според програмите е предвидена како континуиран процес во текот на целата учебна година што според Судот претставува верско дејствување и тоа врз основа на акт на државен орган. Ова зборува за претходната Одлука, меѓутоа, се однесува и на

ова што сега се прави како обид од страна на Владата.

Загрижува уште повеќе што и владиниот потпарол се обидува да го релативизира овој член од Уставот. Па вели дека секуларизмот не треба да го сфатиме како државно промовиран и утврден атеизам или антиатеизам. Секуларизмот претставува право на избор, со што не можам никако да се согласам. Секуларизмот е уставно загарантиран. Во членот 19 од Уставот јасно пишува дека црквата и останатите верски заедници се одвоени од државата и секуларизмот не претставува право на избор. Меѓутоа, припадноста на верата точно, е право на избор и право на секого дали ќе се определи да биде член на одредена религија како ќе ја практикува таа, меѓутоа има и начини како тоа да го направи, меѓутоа Уставот забранува тоа да се прави преку државните училишта.

Понатаму, во излагањето на претставникот на Владата се вели: "Предавачите на содржините од овој предмет на настава нема да се појавуваат во верска облека ниту со симболи на верско обележје". И, јас ве прашувам каде го пишува тоа во законот? Кога во законот во членот 1 велите дека зборот "верски обележја" се брише.

И ние дискутиравме за тоа дали сте свесни за тежината на ваквата одредба. Дали сте свесни дека со тоа што ќе овозможите истакнување на верски обележја во училиштата ја отварата Пандорината кутија која што може да предизвика уште поголеми проблеми, особено ако се најде некој што ќе сака да го злоупотребува целиот систем.

И, да ве прашам, како ќе го контролирате спроведувањето на овој дел од законот, како ќе ги спречите злоупотребите? Ако се случи теолози да предаваат веронаука, јас ве прашувам како ќе го намалите ризикот од тоа некој од нив да го злоупотребува и наместо во функција на запознавање со религиите и тоа што би сакала Владата да го постигне сега, да промовира фундаментализам и да го постигне сосема спротивниот ефект од она што Владата сака да го постигне?

Значи, не е во прашање само веронауката. Во прашање е спроведување на комплетна идеологија која што оди во насока на менување или на повреда на секуларниот карактер на државата. И тоа мислам дека ниту една влада не смее да си го дозволи. Меѓутоа, јас се надевам дека Уставниот суд ќе има можност ова повторно да го разгледа и да процени дали е во согласност со Уставот или не. Ако се раководиме по претходната Одлука на Уставниот суд, тогаш нема дилеми дека ваквите решенија би требало да бидат оборени од страна на Уставниот суд.

Многу е интересно и мислењето на Унијата на средношколци и покрај тоа што вие претпоставувам не ги почитувате затоа што на секоја прес конференција на која што излегуваат кажуваат дека министерот не ги примил за сега и покрај тоа што бараат повеќе од два месеци прием кај нив за да дебатираат за прашања за кои што ги тангираат, меѓу кои и матурата затоа што матурата беше проект кој што беше одложен под изговор за неинформираност на учениците. А сега никој од Министерството не оди на средби со средношколците да им објасни. Исто како што никој сега не оди да им објасни други прашања за задолжително средно, за веронаука итн.

Значи во една од своите прес конференции тие велат дека вакво нешто тешко ќе се воведе во мултиетничко општество и дека така ќе се направи раздор меѓу средношколците од различна вероисповед. Тие сметаат дека етиката е многу попотребна отколку веронауката и јас се надевам дека министерот ќе најде време еден ден да ги сослуша средношколците и да прими една делегација на Унијата кај него особено пред проекти кои што ги засегаат токму нив.

Ако одиме во согласнсот со Законот за верските заедници и религиозни групи кој што сеуште е на сила, во членот 25 се вели дека верските заедници и религиозни групи имаат право да основаат верски училишта во сите степени на образование освен во основното образование за школување на верски службеници, како и ученички домови за сместување на лицата и т.н. Понатаму се вели, верските училишта основани од верски заедници, односно од религиозни групи можат да посетуваат само лица со завршено задолжително основно образование, или лица на кои во согласност со закон им престанала обврската за задолжително основно образование. Значи, дури и на верските заедници и религиозни групи не им е дозволено да предаваат, или да организираат настава за ученици до основно училиште. Меѓутоа, државата сега си ја зема таа слобода тоа да го прави на ваков начин со вакво законско решение. Покрај тоа се отвараат и други дилеми. Според најновите истражувања главната цел на ваквите проекти не е веќе да се креира посветеност на определена вера, туку да се овозможи знаење со кое што учениците ќе можат да се справуваат со различните религиозни традиции, етнички конфликти по верска основа и егзистенцијалната ситуација на криза и религиозниот плуралитет. И тоа нас би требало да ни биде тенденцијата доколку се повикуваме на тоа како се прави ова во Европа и дали е веронауката таа со која што ова ние ќе можеме да го псотигнеме, имајќи го предвид концептот кој што ни се нуди. Притоа се заборава дека од периодот кога за прв пат оваа иницијатива се појави до денеска во образовниот систем на Република Македонија се направени повеќе измени и дополнувања за осовременување на наставните содржини вклучително и оние кои што се однесуваат на религијата. Нема веронаука, тоа е точно, меѓутоа точно е исто така дека наставни содржини за религија се присутни во повеќе предмети главно од општествено политички науки. Значи, тоа што сметам дека Министерството би требало да го направи, ќе треба да утврди колку и какви содржини од религијата добиваат како сознание

учениците во текот на образованието, дали се тие доволни за оние цели кои што сакаме да ги постигнеме, а се надевам дека Владата ги има и што е тоа што би требало да се дополни до колку одиме на варијантата на заемно запознавање. Ако одиме на варијантата заемно запознавање, тогаш уште еднаш морам да потенцирам, воведување на веронауката е спроведување на чиста партиска идеологија и ништо повеќе. Воопшто не сакам да навлегувам во квалификациите што се дадени во образложението заради тоа што претставуваат одраз точно на ваквата идеологија за која што зборувам до сега.

Понатаму, во излагањето на претставникот на Министерството се вели: Се побројните девијантни појави меѓу младите луѓе се алармираат дека нешто треба суштински да се преземе во однос на изместеноста на моралнит еи етичките вредности. Затоа изучувањето на сопствената религија и запознавањето на религиите различни од својата е во функција кон изградување на хуманистички светоглед на младите личности, почитување на човечкиот живот, толеранција кон различностите и неконфликтноста. Прво ме изненадува ваквата посветеност на Министерството кога станува збор за девијантните појави кај младите луѓе, затоа што на јавната дебата која што Комисијата за образование ја организираше овде во Собранието на Република Македонија со претставници на Владата, невладин сектор и директори, педагози и психолози во училиштата, ниту еден претставник на Министерството, а се однесуваше на девијантите појави кај учениците, ниту еден претставник на Министерството за образование не дојде. Не дојде минситерот, не дојде заменик министерот, не дојде директорката на Бирото за развој на образованието, не дојде директорот на Агенцијата за спорт и млади, едни од главните креатори на политиката во образованието, едни од главните генератори на решавањето на овие прашања. Меѓутоа, дојде претставник на Министерството за внатрешни работи кој што имаше многу конструктивно излагање. И мојата проценка е дека таквиот гест само кажува на адхок решенијата и на немање концепција и стратегија за тоа што треба да се работи во образованието. Да се нема слух, ниту еден претставник од Министерството за образование да не се појави на таква јавна дебата без да биде ставен во позиција да биде критикуван, да го свати тоа како критика, туку напротив да учествува во делот на изнаоѓање на решенија, или пак само да ги сослуша предлозите на останатите релевантни институции, мислам дека во крајна линија е несериозно. Заради тоа што проблемот со девијантните појави кај младата генерација е премногу комплексен и комплициран за да можеме да го поистоветиме и да го сведеме само на воведување на веронаука. Се надевам дека Министерството е свесно за тоа и дека ќе биде институција која ќе ги обедини сите оние институции кои можат да дадат комплетно решавање на овој проблем. До колку ние не сме подготвени да разговараме и да утврдиме кои се причините за ваквото однесување, тогаш ние не можеме да најдеме сериозно решение, тогаш ниту воведување на веронауката не е решение, потполно решение, ниту воведување на Историја на религии не е потполно решение, туку само делумни решенија кои што прашање е заради тоа што нема да бидат дел од еден системски зафат за решавање, за наоѓање одговор на овие прашања,нема да го дадат саканиот ефект. Да потсетам, уште повеќе дека беше многу мал одзивот при реализацијата на првата идеа за воведување на веронаука.

Овој вториот дел каде што се вели дека, затоа изучувањето на сосптвената религија и запознавањето на религиите различни од својата е во функција на изградување на хуманистички светоглед на младите личности и т.н., само оди во прилог на тоа дека немаме јасна концепција, заради тоа што не можеме да зборуваме дека младите ќе изучуваат сопствена религија и запознавање на религии различни од својата, ако велиме дека во веронауката оние што ќе ја изберат веронауката ќе ја изучуваат секој својата религија. А оние што ќе изберат Историја на религии , тие ќе се запознаваат со сите религии. Значи, овде не може да стане збор за кумулативно постигнување на ваквата цел. И тука мислам дека треба сериозно да се размисли. Се вели дека запознавањето со религии ќе го предаваат социолози и филозофи. Сега тврдите дека веронауката ќе ја предаваат теолози, меѓутоа во една од своите изјави во целиот овој период при промоцијата на законското решение вие ја уверувавте јавноста дека на часовите за веронаука ќе се изучува догмата и тоа го рековте во една од вашите изјави. А тоа е сосема спротивно од она што денеска го кажувате како декларација за тоа што би сакале да постигнете со воведување на веронаука во училиштата.

На крај сакам да го потенцирам тоа што го кажав и на Комисијата дека бришењето на забраната за истакнување на верски обележја ќе направи сериозен проблем. Воведувањето на вакви изборни предмети ќе направи сериозен проблем заради тоа што ќе направи поделба меѓу учениците. Целиот овој проект не оди во прилог на модели кои што ќе овозможат образованието да биде интегрирачки фактор, туку напротив ова е модел кој што овозможува дезинтегрирање на учениците во основното образование. Тоа е претешка обврска што си ја презема парламентарното мнозинство и Владата. Меѓутоа , јас се надевам дека се подготвени да ги сносат последиците од тоа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Панче Дамески.

**Панче Дамески:** Благодарам. Почитуван потпретседателе, почитуван министер, дами и господа пратеници, денес на дневен ред го имаме Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование и повеќе навистина не гледам причина за да се одложува воведувањето на верското образование во

системот на државното образование. Несватливо е зошто во Република Македонија неколку пати беше отворена иницијативата за законско воведување на веронауката во оснвоното образование. Шеснаесет години после излезот од тоталитарниот режим каде што училишниот систем беше деградиран од идеолошка тортура и барање да се обликува една атеистичка свест и религиозна неписменост. Ние по се изгледа сакаме да бидеме единствената земја во Европа каде што сеуште посебно не се изучува верата и религиите. Сите посткомунистички земји во Европа го избрале конфесионалниот приод кон веронауката во државните училишта. И тоа во најголем број аспекти тие повторно ги воспоставија моделите на веронаука кои постоеле пред да станат тоталитарни комунистички земји. Веронауката е укината и во образовниот систем во Македонија во 1946 година и сега неразбирливи и нелогични се стравовите и отпорот кој се јавува во ова време за враќање на веронауката во училиштата. Дали некој сеуште сака да имаме загарантиран државен атеизам иако реалноста е сосема друга. Реалноста зборува дека огромен дел од населението во Македонија се изјаснило дека се верници. Овде ќе се осврнам на некои аспекти и факти кои говорат во прилог за воведување на веронауката во училиштата. За тоа како е организирана веронауката во повеќето европски земји. Иако не постои меѓународен стандарден модел за веронаука во државните училишта, сепак има една карактеристика заедничка за сите европски земји, а тоа е дека наставата за религиите и веронауката е интегрален дел од јавниот образoвен систем. Значи, веронаука во државните училишта има во сите европски земји освен во Албанија, Црна Гора и Македонија. Најголемиот број на евроспки земји имаат одреден вид веронаука во државните училишта без оглед дали таа е задолжителна, или е незадолжителна. Во земјите членки на Европската унија веронауката најчесто е задолжителен предмет. Од друга страна како конфесионална таа се изучува во Австрија, Белгија, Финска, Германија, Грција, Ирска, Италија, Луксембург, Португалија, Шпанија, Кипар, Чешка, Унгарија, Латвија, Литванија, Малта, Полска, Словачка, БиХ, Бугарија, Хрватска, Романија, Русија, Швајцарија, Србија, Турција и Украина. Како неконфесионална се изучува во Норвешка, Исланд, Грузија, Словенија, Естонија, Велика Британија, Шведска, Холандија и Данска. И како што реков веронауката не се изучува во ниеден облик единствено во Албанија, Црна Гора и Македонија. Затоа не држи тезата дека е нарушена секуларноста и уставноста со воведувањето на веронауката во државните училишта. Сите овие наброени земји се секуларни, а сепак дозволиле изучување на веронауката во државниот образовен систем. Во доставениот Предлог закон се предвидува верското образование да се изучува како изборно задолжителен предмет што го подржувам и тоа е идентично како и во Белгија, Литванија, Луксембург, Португалија и БиХ. Овде би навел дека став и препорака и на Советот на Европа е дека сите земји треба да имаат веронаука и настава за религиите во своите образовнаи системи, бидејќи образованието е клучниот начин за борба против незнаењето и стереотиповите. Постојат повеќе меѓународни декларации со кои се регулира оваа проблематика. Така во декларацијата за правото за слобода на вероисповед се нагласува дека родителите имаат право на сопствените деца да им обезбедат верско и морално образование во согласност со нивните убедувања. Значи, детето има право на верско образование во согласност со желбите на неговите родители. Ова родителско право беше прекршено ви сите поранешни комунистички земји, а денес за жал сеуште е прекршено во Република Македонија.

Друга група на факти и аргументи кои говорат во прилог на воведувањето на веронауката се и резултатите од анкетата спроведена од невладината фондација Институт отворено општество. Според оваа анкета 57% од сите анкетирани сметаат дека верското образование треба да се воведе. 36% се да се изучува една година, а 50% две и повеќе години. Значи, 86% од испитаните се да се изучува веронауката. И еден од најбитните аргументи за воведување на верското образование е што само 9% од испитаниците се изјасниле како атеисти, а високи 84% од испитаниците се сметаат за верници. Образовниот систем има реална потреба од воведување на веронаука. Воспитувањето на децата е поле каде што веронауката може многу да помогне. Денес кога децата се оставени спознанието да го бараат сами што може да резултира со страшни девијации како алкохолизам, наркоманија, проституција кои можат скапо да не чинат, веронауката доста може да помогне за намалување на овие девијантни појави. Затоа мораме со најголема сериозност да пристапиме кон воспитниот процес и веронауката. Верското образование вонредно ќе ги зајакне моралните вредности кај децата и превентивно ќе делува во однос на веќе спомнатите девијантни појави. Исто така, што е доста битно ќе се поправат и одредени негативни процеси како секташкиот пристап кон верата и појавата на неконтролирани верски училишта во приватни куќи. Во оваа насока веронауката преку својата доктрина и морал може да му понуди голема помош на образовниот систем. И затоа сметам дека е неопходно потребна во училиштата. Без намерља да се идеализираат некои моменти, сепак грижата на совеста за направен грев, или злосторство не се учи со закон. Таа човек ја стекнува, или не додека е млад, додека сеуште се изградува како личност. Во спроведувањето на законите може да се има само корист од присуство на лична совест и присуство на чувство на страв од божји суд за сторениот грев, неправда, или злосторство. Тоа е најдобриот начин едно општество да изгради народ со високо морални вредности, со висока свест, со еден квалитет кој неслучајно го негуваат најбогатите и најразвиените земји во светот. Ова не значи дека

законите се непотребни, напротив. Но, во една средина на изградена свест, во средина со длабоки, цврсти верски и морални стандарди многу полесно ќе се спроведе секој закон. Што би добиле од веронауката, на што не учи црквата и зошто денес некој се плаши да се воведе веронаука во образованието. "Почитувај ги родителите, не убивај, не прави прељуба, не кради, не сведочи лажно, не пожелувај ништо туѓо" се дел од десетте божји заповеди и колку повеќе ги почитува една нација, толку подобро живее. Едноставно се што е традиција на црквата, се што е традиција на верата и на љубовата кон бога ниту е штетно, ниту е страшно. Секако дека немаме илузии дека со воведувањето на веронауката ќе ги решиме сите морални пробелми и девијантни појави, но барем ќе ги усмериме нашите деца да научат да прават разлика помеѓу доброто и злото. А тоа најдобро, најбрзо и наефикасно се учи кога си млад.

Ова се само неколку аспекти во корист на предложениот закон и се надевам дека и оние кои се скептици и оние кои се двоумат дека ќе го подржат овој Предлог на закон. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Сосема накратко, да кажам дека ова е дискусија што дава потврда на нашата загриженост како се толкува предметот Веронаука во основното образование. За жал, се оди на класичната варијанта, а не на изучување на општите караткеристики на сите светски религии. Се додека немаме од страна на министерот, од страна на Бирото за развој на образованието наставна програма која ќе ја видиме, сето ова ќе личи на вакви дискусии кои немаат никаква врска со наставната материја, немаат никаква врска со процесот на квалитетно основно образование што сакаме да го направиме.

Негирањето на образованието во претходниот систем веројатно беше лапсус на пратеникот, бидејќи претпоставувам дека и тој образованието го има стекнато во претходниот период со оглед на возраста, така што мислам дека добар е во својата професија ветеринар, бидејќи тоа нема врска со тоа дали учел веронаука или не, тоа не му пречело во неговиот развој. Но загрижиеноста што ја пројави во однос на некои појави од аспект на црквата, ќе видам како ќе гласа за Законот за либерализација и организирање на верските групи и заедници во Република Македонија, па тогаш ќе му ја повторам оваа дискусија што ја кажа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Во однос на тоа денес во Предлогот на законот се дава право на избор. Значи може да избере родителот и детето дали ќе учи Веронаука или Историја на религиите. Имаме право да избереме дали ќе се оди на конфесионален начин на изучување на верата или ќе се изучува историја на религиите.

Од друга страна, навистина своето образование го стекнав во претходниот систем, меѓутоа, таму моравме да изучуваме една идеологија и немавме право на избор. Никој мене не ме прашал дали сакам да ја изучувам идеологијата во претходниот систем. Затоа велам сега даваме право на избор на секој родител и на секое дете.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за пратеник госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Единствено не можам да се согласам со тоа дека на некого му било забранувано да се запознава со религијата за која се определил да и припаѓа, без разлика за кој систем станува збор, заради тоа што еве и јас сум растела во еден дел од тој систем, меѓутоа, мене никој не ме спречил ниту да одам во црква, ниту да бидам верник, да се определам за верата во која верувам, ниту пак некој ми забранил да не одам и да не ги почитувам обичаите на мојата вера. Од кои причини моите колеги пратеници го правеле тоа, тоа е веќе друго прашање, дали сакале да се вклопат во тој претходен систем заради потребата од развивање на својата професионална кариера или од други причини, тоа е веќе нешто сосема друго. Меѓутоа, правото на избор на граѓаните на Република Македонија никогаш не им било ускратено и секогаш можеле да се стекнат со знаење за својата религија и да добијат верско образование во верските објекти. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеник Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Навистина не знам каде учела госпоѓица Славица Грковска, меѓутоа, јас морам да и кажам дека на пример во Прилеп се гледаше кој и колку оди во црква, кој и колку е подобен на претходниот систем, па како резултат на сето тоа ние имавме една тотална религиозна неписменост. Ние имавме обликување на државен атеизам согласно со тоталитарниот режим кој владееше во бившиот систем. Навистина би сакал да ми кажете во кое училиште и каде сте учеле за религија и каде сте ги упразнувале вашите религиски потреби.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со расправа ако некој од веќе пријавените не е за реплика.

Продолжуваме со расправа, има збор пратеникот господин Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Почитуван потпретседтеле, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Денес на дневен ред имаме една интересна тема за дебата. Искрено се надевав дека токму на темата за Веронаука ќе наидеме на едно единство од сите пратенички групи во Парламентот, надевајќи се дека конечно СДСМ

раскрстил со своето макар и формално правно потекло од поранешната Комунистичка партија на Југославија, меѓутоа што е тука е, спремни се со аргументи да се обидеме да ве убедиме дека токму она што Владата го предлага преку овој закон, воведување на Веронаука во два облици во училиштата во Република Македонија е оправдано и се надевам дека на крај ќе ги прифатите аргументите.

На почетокот би сакал да истакнам задоволство од работата која што ја работи Министерството за образование и наука во последниве неколку месеци. Ние сме сведоци на едни севкупни реформи во системот на образованието во Република Македонија. На крајот на краиштата, тоа беше една од поентите на изборните програми на владеачките партии, една од најзначајните поенти на владеачките партии, така што со задоволство сакам да кажам дека во Република Македонија во последниве неколку месеци се започнуваат реформи кои до сега во Република Македонија во толкав обем и толкав квалитет ги нема видено во образованието. Ние имаме компјутеризација на повидок во Република Македонија, имаме воведување на поинтензивно изучување на англискиот јазик и на другите странски јазици, имаме основање на нов Државен универзитет во Источна Македонија, со овој закон имаме воведување на Веронаука, имаме воведување на деветолетка во основното образование, на крајот на краиштата имаме зголемување за 100% на средствата во Буџетот на Република Македонија за капитални инвестиции во образованието, имаме иницијатива за јавно приватно партнерство за изградба на стотина училишта во Република Македонија. Набројувајќи ја листата, навистина мораме да признаеме дека ова Министерство е едно од министерствата кое најуспешно ја обавува својата функција во изминатите шест-седум месеци и мене искрено ми претставува задоволство поради тоа што како млад човек сум се залагал и ќе се залагам за колку што е можно поголеми напори и вложувања во образованието во Република Македонија.

Во однос на дискусијата по овој закон, би прочитал делови од еден документ кој што деновиве беше актуелен во медиумите во Република Македонија, документ на една политичка партија застапена во Собранието на Република Македонија. Во тој документ се вели: “таа и таа личност во своето работење се раководи од принципите на совесност, чесност, искреност, толеранција и солидарност. Тој и тој ќе се бори и ќе се спротивставува на сите облици на полова, расна, етничка, верска и културна дискриминација, почитувајќи ги различностите и правата на другите. Тој и тој со достојна почит, толеранција, солидарност и взаемна помош и поддршка ќе работи на своето место. Тој и тој нема да се служи со нвреди и клевети, со користење на насилство и закани”.

Почитувани дами и господа, ова се делови од новиот кодекс за функционерите на СДСМ. Ова што јас го прочитав сега постои во сите религии како правило, совесност, чесност, толеранција, заштита од насилство и тн. Токму ова е модел кој што покажува дека во Република Македонија недостасувало верско образование, недостасувал морален систем, недостасувале морални сегменти госпоѓице Грковска. Да имало во изминатите 50 години Веронаука, немало да има потреба да постои кодексот за однесување на функционерите на СДСМ, поради тоа што тоа функционира во поглед на религиозност. Меѓутоа, ова како вовед за да ви окажам колку е банално вашето противење на Веронауката.

Што се предвидува со донесувањето на овој закон?

Ќе се задржам повеќе на темата веронаука поради тоа што темата покриена со воведување на деветолетка во основното образование, мислам дека е многу попрецизно објаснета и мислам дека тука има согласност од страна на опозицијата за профункционирање на таа деветолетка. Битно е да се потенцира дека верското образование во Република Македонија ќе биде застапено како изборен предмет. Граѓаните на Република Македонија ќе имаат право да избираат што ќе учат во поглед на верското образование, дали тоа ќе биде Веронаука или ќе биде Историја на религии и тука апсолутно никој нема намера да навлегува во слободата на избор. Тоа е предноста на демократијата, тоа е предноста на модерното општество. Претходниот дискутант, колегата Дамески потенцираше дека претходниот систем беше проблематичен поради тоа што не дозволуваше право на избор. Модерното општество во Република Македонија и секаде во Европа го овозможува правото на избор. Јас би ги прочитал прецизно и би ве замолил да го ислушате државите во Европа каде што постои Веронаука: Шведска, Норвешка, Данска, Англија, Велс, Холандија, Шкотска, Словенија, Австрија, Кипар, Финска, Германиј, Грција, Ирска повторно само во различни форми, Бугарија, Хрватска, Чешка, Естонија, Унгарија, Италија, Латвија, Малта, Полска, Романија, Словачка, Шпанија, Србија, Белгија, Луксембург, Попртугалија, БиХ. Веројатно да се обидам да најдам уште некоја држава, тешко дека ќе најдам држава во Европа каде што нема во образованието Веронаука. Ако вие господа од СДСМ сметате дека воведувањето на Веронауката како изборен предмет во образованието е десекуларизација на државата, тогаш имате сериозен проблем со концептот врз кој што е изградена и самата Европска унија. Тогаш ниту една од овие држави кои јас ги набројав не е секуларна. Се надевам дека тоа го немате како став и се надевам дека имате аргуменмти да ме убедите дека или овие држави не се секуларни, или нешто не е во ред со општото поимање на тезите денес на дебатата која што ја имаме во Собранието на Република Македонија.

Покрај овие аргументи кои до сега ги кажав, сакам да потенцирам дека само 8% од граѓаните на

Република Македонија себе се сметаат за атеисти, односно неверници. Огромен број, 92% од граѓаните на Република Македонија себе се сметаат за верници. 56,8% според анкетата на Институтот отворено општество, кој во принцип важи за институт со лева провинијенција, што мене воопшто не ми смета, 56,8% од испитаниците се да се воведе Веронауката во образовниот систем ви Република Македонија а 28% се да не се воведе. Значи ние имаме сооднос поголем од 2:1 во полза на идејата да се воведе Веронауката во образованието. На прашањето кој предмет недостасува во образовниот систем во Република Македонија, граѓаните на Република Македонија вака одговориле: 0,5% сметаат дека спортските активности се манлу застапени во образованието, 0,7% одговориле дека здравственото и сексуалното образование треба да добие поголема димензија во образованието, 1,4% од испитаниците кажале дека странските јазици треба да добијат доминантна улога, 2,2% кажале дека етиката и моралот треба да бидат повеќе опфатени во образованието, 4,3% кажале дека информатиката треба да биде повеќе застапена во образованието, а 6,9% убедливо најмногу од сите наброени алтеранативи кажале дека верското образование треба да се воведе односно недостасува во образовниот систем во Република Македонија.

Мене навистина не ми е јасно СДСМ преку своите пратеници во последниве две недели, апсолутно со сите свои политички ставови е контра од генералната перцепција, намера и ставови на граѓаните на Република Македонија. Така беше со задолжителното средно образование, така е со Веронауката. Среќа што прифативте да се формира нов Државен универзитет во Штип, иако и тој го искритикувавте на разни начини. Меѓутоа, јас еве и лично сакам да ви се заблагодарам за поддршката преку вашите гласови за таа идеја во сегментот на реформи во образованието.

Зошто треба да се воведе Веронауката? Многу од колегите пратеници дискутираа во однос на историаската традиција во Република Македонија, моралните вредности и тн. Сосема накусо во согласност со днамиката и времето би сакал да споменам дека овие подрачја биле трусни во историјата не само последниве 50-тина години туку биле трусни во последниве 200, 300, 500, 1000 години, меѓутоа, за жал во последниве 50 години имаше систем кој што не ја признаваше религијата, во кој што вака на шега кажано доминантна религија беше атеизмот во Република Македонија на чело со врховниот бог Маркс. Тоа придонесе во Република Македонија да се изгубат традиционалните вредности на македонскиот народ и останатите граѓани кои живеат во Република Македонија, да се изгубат моралните вредности кои владееле до 40-тите години, да се изгуби системот на меѓусебно почитување и тн. Во изминатите 50-тина години најмодерна беше тој атеистички елитизам на комунизмот. Не е тајна, не е чудно ако се каже дека во тие 50-тина години во Република Македонија немаше стриктна законска забрана, меѓутоа имаше општ страв поради методите на тогашните тајни служби во периодот на комунизмот во однос на забрана на крштевање, во однос на забрана на верски обреди, во однос на промовирање на сопственото религиозно чувство и тн. Во сите села во Западна Македонија обичаите поврзани со Водици и обичаите поврзани со Василица, Петровден, Богородица не се практикуваа до 90-тите години, до периодот на плурализација. Тоа беше плод на стравот кој што го наметна таа комунистичка односно атеистичка елита во претходниот систем. Значи факт е, не можете да го негирате тоа дека со методите на тие тајни служби до 90-тите години во Република Македонија беа заборавени и беа тргнати на страна сите овие обреди и обичаи поврзани со верските празници во Република Македонија. Во Република Македонија во тие 50 години како супституција на религиозните вредности, морал и етика, тогашната елита се обиде да воспостави социјалистички модел на морал, на чувства, на односи меѓу луѓето, тој социјалистички морал-јас нема да навлегувам, можеби ќе навредам некого ако кажам дека функционирал или не функциноиорал, но ќе кажам дека се распадна, пропадна и се уништи поради тоа што веројатно бил неодржлив.

Овие 15 години се наоѓаме во еден транзициски период во кој што тој социјалистички морал, етика и тн. не функционира, распаднат е, пропаднат е, граѓаните не го сакаат повеќе, а во исто време имаме огромен отпор спрема враќањето на оној традиционален морал, традиционални вредности кои ги имал и македонскиот народ на овие подрачја, кој што го имал и албанскиот народ и другите помали етнички заедници во Република Македонија. Заради тоа во овие 15 години се доведовме во ситуација да го немаме тој социјалистички модел, меѓутоа, и да не го повратиме тој морал кој што бил исконски, кој што е дел од гените на луѓето кои живеат на овие подрачја. И ние во овие 15 години се изнагледавме криминал, се изнагледавме мафијашлуци, се изнагледавме неморал, се изнагледавме се и сешто и секогаш кога дискутираме ќе кажеме дека во образованието во гимназијата "Јосип Броз Тито" се појавило тоа, во Струмица се појавило тоа и тоа, а фактички ние како држава не се обидуваме да изградиме еден општествен морален сегмент како треба да функционираат нашите граѓани. Затоа нема одбегнување, или ќе бидеме за социјалистичкиот атеистички морал, кодекс, традиција на однесување и меѓучовечки односи, или ќе бидеме за овој кој што го предлага Владата. Не може ова да биде вакуум простор, не може да нема димензија, не може да нема начин на кој што ќе ги градиме меѓучовечките односи.

Јас би сакал да потенцирам дека е добра идејата и во делот на тоа запознавање на религиите. Јас се чувствувам лично слободен да потенцирам дека ние во Република Македонија недоволно се познаваме меѓу себе во однос на оние фактички

состојби кои што постојат во однос на мултиетничноста и мултикофесионалноста на нашето општество. Врз база на моето лично искуство можам да потенцирам дека јас имам впечаток дека во градовите со мешан етнички конфесинален карактер како Кичево, Гостивар, Тетово, Струга и Дебар меѓусебните почитувања на граѓаните било по која линија на поделба, етничка или конфесионална, се многу поизразени.

Луѓето си одат по празници, православните или католиците одат на Бајрам кај своите соседи. Јас добив десетина пораки од мои пријатели кои што се припадници на исламската вера. Тоа сме го имале во Република Македонија. Така се функционирало. Така се живеело еден до друг.

Меѓутоа, што се случува во оние делови каде што имаме моноетничко, односно моноконфесионална структура на населението. Сакате да го земете Берово, Крива Паланка, сакате да ги земете албанските села на пограничните простори каде што се моноетнички. Тука луѓето немаат спознание, немаат контакти, немаат релација. Ова го велам добронамерно, не со зла намера. Меѓутоа, луѓето немале можност да контактираат меѓу себе, немале можност да ги спознаат вредностите на другата религија и затоа, норамлно и фактички во Република Македонија најтешко е да се наметне меѓусебно по!итување во оние подрачја каде што етничката и конфесионална структура е хомогена. Преку ова што се предвидува воведување на Веронаука и Историја на религија, јас верувам дека преку спознавање на вредностите на другиот, на религијата на другиот, ние ќе придонесеме граѓаните на Република Македонија подобро да се познаваат и повеќе да се почитуваат помеѓу себе. Ние сме должни да градиме држава, општество во согласност со интересите на граѓаните. Нема да ги повторувам резултатите од анкетите и испитувањата, меѓутоа, интересите и заложбите на граѓаните на Република Македонија се јасни во поглед на прашањето на Веронауката и ние како претставници на граѓаните, како претставници на народот во ова законодавно Собрание сме должни да постапуваме така и никако поинаку, без разлика на историското или било какво потекло на нашите политички структури. Без разлика дали ВМРО-ДПМНЕ се поклопува со онаа традиција и историја што претставува некој историски зародиш на десната идеја во Република Македонија и без разлика дали СДСМ потекнува од бившите комунистички партии на овие подрачја, со сите традиции и вредности кои што си ги носи со себе.

Младите во Република Македонија мораат да ја спознаат околината, природата, општеството, државата.

Дами и господа, ако религијата не направила револуционерни пресврти во историјата, ако религијата нема доминантно значење во обликувањето на општеството кое што функционира во овие два, три, пет века, нема друг предмет кој што толку доминантно направил револуционерен пресврт. Значи, ако нашите млади учат биологија, физика, хемија, во насока да ја спознаат околината, да ја спознаат природата, да знаат што се случува, исто така треба да учат и Веронаука, или на Историја на религија, за да знаат што се случува околу нив. Зошто е општеството вакво, како што е. Кои се вредностите, кои се традициите.

Уште дена работа ќе кажам, за да не влечам, иако имам повеќе аргументи. Искуството во Германија кажува дека религиозните групи во Германија се финансираат преку системот на прибирање на плати. Секој граѓанин во Германија кога ќе се вработи ја потенцира својата религиозна припадност, или кажува дека е атеист. Тие што ќе ја потенцираат својата религиозна припадност преку системот на плати им се запира одреден процент, дали е половина процент, или колку и тие пари одат директно за финансирање на религиозните групи, цркви и заедници во Германија. Таму црквите и другите религиозни заедници не наплаќаат за погреб, не наплаќаат за крштевка, не наплаќаат за сунет. Меѓутоа, се финансираат преку овој систем. Но во ист момент, не значи дека Германија не е секуларна држава. Едноставно, ги поедноставила работите, ги ставила во функција на интересот на граѓаните. Затоа, сите аргументи поврзани со секуларноста, едноставно не држат. Благодарам за вниманието.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега,

Кои се пријавени за реплика. Одиме по редоследот како што се пријавени колегите за реплика.

Прва за реплика се пријави госпоѓа Роза Топузова-Каревска. Повелете вашите три минути.

**Роза Топузова- Каревска:** Благодарам почтуван потпретседателе,

Почитуван колега навистина, не го гледам министерот, но еве го доаѓа. Сакам да кажам дека тоа не смета, бидејќи во овој случај му реплицирам на колегата. Навистина, многу е тешко да ви се реплицира после еден ваков говор. Обично ве следам со внимание и ги почитувам вашите дебатерски способности, меѓутоа, покрај тоа, почитуван колега во овој случај треба да ја познавате и материјата. Морам да ви кажам и покрај тоа што се залагате за веронаука, најверојатно, вашата заложба поаѓа од таму што не сте се потрудиле сами да разграничите некои работи и во таа насока да го дополните вашето образование, па не разликувате што претставува всушност, верското учење, или веронауката, а што всушност, претставува изучувањето, историјата на религијата. Сето она што вие го кажавте околу секуларизмот, потоа она што вие го кажувате на влијанието на религијата низ историските процеси , но секако, вие не го дефиниравте вака како што јас го дефинирам до крај, беше видливо едно навистина, непознавање на целокупната материја, и токму поради тоа најдобронамерно би ве поучила налку повеќе да се задржите на оваа димензија. Можам и да ви препорачам литература каде што повеќе ќе се

запознаете што претставува историја на религијата, што претставува основи на религијата, како заедно ќе се почитуваме, ако ја изочуваме само својата вера. Што се случува во земјите што вие ги набројувавте и на каков начин се изучува таму веронауката или религијата. Значи, основната поента на мојата реплика е што вие почитуван колега, не разликувате што е веронаука, а што е историја на религијата, социологија или филозофија на религијата и од каде се влечат етичките норми ако сакате и во веронауката. Не ги разграничувате и за жал, не ги познавате основните начела.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Илија Димовски. Повелете.

**Илија Димовски:** Почитуван потрептседателе,

Веројатно основната поента на колешката Роза Топузова-Каревска беше да ме дескредитира на било кој начин, поради тоа што моите аргументи кои што ги изведов во насока на поддршка на концептот на Владата за воведување на веронаука, или историја на религијата, едноставно, колешката немаше начин како да ги собори и како да се спротивстави.

Да потсетам, јас набројав преку 30 земји од Европа, каде што веронауката во било која форма е дел од јавниот систем на образование, а сепак, тие држави се секуларни. Значи, јас потенцирав дека во тие држави веронауката е дел од јавниот образовен систем.

Во однос на другиот дел од репликата на колешката Роза Топузовска, иако често се обидува на дел од колегите на личен начин да им реплицира, јас и простувам, заради тоа што втор намдат е во Парламентот, па самата атмосфера придонесува на таков начин на дискусија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега,

Три минути реплика има пратеник господин Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе,

Колешката Роза Топузова-Каревска зеде дел од мојата дискусија. Јас само ќе укажам на три работи.

Прво, да се заблагодарам на господинот Илија Димовски што го прочитал етичкиот кодекс за однесување на избраните и именуваните функционери на СДСМ. Да беше ВМРО-ДПМНЕ полноправен член на организацијата на демохристијанските партии ќе знаеше дека модерните политички партии, како што се партиите во Социјалистичката интернационала, каде што СДСМ е единствениот полноправен член од сите политички партии во Република Македонија, постојат тие етички кодекси и не е ништо чудно и не треба да паѓаме во несвест овде на говорница. Но не е лошо да се запознае, но кога ќе станат полноправни членови ќе видат дека и други политички партии имаат и можеби и тоа ќе го преземат, нешто што го потпишувале како пратеници и самите, но, кога ќе станеме позиција, заборавме некои работи. Јас уште еднаш да кажам. Ние за примери во Европа можеме да зборуваме цел ден. Значи, вие ќе наведувате едни држави, ние ќе наведуваме други. Да ве потсетам дека во Франција не постои никаков облик на веронаука или верско дејствување. Или да ве потсетам дека министерот забрануваше дури учителите да носат брада, ако даваме примери. Или да повторам она што беше со Италија. Значи во исто време, кога има учење веронаука, иако тука ги мешате работите, но за тоа колешката Роза ви објасни, во исто време има и фудбал, има и информатика. Значи, погледнете како сте предвиделе вие во Програмата да имате, кои ви се другите изборни опции што ги нудите, па потоа да дискутираме. Кога зборуваме за Европа, значи, во Англија возат само тие обратно, па не им смета. Да не создаваме баук кога се покажа дека во овие 7 месеци за ВМРО-ДПМНЕ е товар кандидатскиот статус. Јас уште еднаш ќе повторам. Министерот за внатрешни работи се вози со украден џип што го бара цела Европа и знае дека е на Дејвид Бекам. И вие ќе зборувате за Европа дека се учело веронаука, па и за морални вредности. Не давајте примери туку, однесувајте се, таму каде што 98% од граѓаните сакаат да одат, а тоа е во Европа, а не да ги уназадувате сите процеси што се прават. И по сите анкети, ако ги погледнете добро, ќе видите дека вашиот премиер е најдобро котиран и пласиран. Невработеноста и подобрата економска ситуација е главно барање на граѓаните на Република Македонија. За тоа ги добивте изборите на 5 јули. Ве молам работете на таа агенда. Доста со вакви говори од седумнајстиот век. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеник господин Илија Димовски. Повелете.

**Илија Димовски:** Очигледно колегата Јани Макрадули во три мои последователни дискусии секогаш ми реплицира. Не знам дали му е задолжение од неговиот партиски врв, меѓутоа, мене ми претставува задоволство, што сепак е потпретседател на главната опозициска партија.Значи, неговата реплика апсолутно, немаше врска со мојата дискусија, освен во две три реченици. Јас би потенцирал дека единствено Албанија и Црна Гора немаат изучување на веронаука и Франција. За што дискутираме тука? Ако треба нешто да учиме, да видиме дали да учиме од Шветска, Норвешка Данска, Англија, Германија, или да учиме од два три примери.

Друго, Европа пред две години донесе Декларација за осуда на комунизмот како систем на владеење, па тогашниот претставник во европскиот Парламент од СДС гласаше против таква декларација. Каде е тука поклопувањето со основните тенденции и вредности во Европската Унија.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика пратеник госпоѓица Славица Грковска. Повелете.

**Славица Гргoвска:** Благодарам,

Господине Димовски јас се надевам дека вие сте свесни за тежината на зборовите што ги кажавте дека треба да се раководиме по волјата на мнозинството на граѓаните. Јас ќе ве повикувам секогаш од седницата и од пленарните седници и од комисиите да се раководите секогаш од волјата на мнозинството на граѓаните, заради тоа што вие се раководите по овој принцип, само тогаш кога ви одговара. Волјата на мнозинството на граѓаните е исто така да го решие проблемот со стечајците, но и покрај тоа што вие го ветивте во предизборната кампања, вие тоа не го правите. Нема да добиеме ништо, доколку овозможиме истакнување на верски обележја во училиштата. Ништо нема да постигнеме со тоа. Јас не знам дали сте свесни за последиците што ваква една одредба може да ја предизвика. Без разлика за тоа за каква идеологија станува збор, дали станува збор за судир на две идеологии, класично, кога станува збор за ова прашање, станува збор и за судир со Уставот. Сакале или не, нашата држава е декларирана како секуларна држава и ако сакате да ја имаме веронауката во училиштата, сменете го Уставот. Меѓутоа, ако до пред малку имав некаква дилема, сега веќе намам дилема дека сите досегашни потези на кои што е фокусирана Владата на Република Македонија одат во прилог на дезилогизација, она што беше истакнато како единствена причина од изменување на Законот за државни празници во Република Македонија. Тогаш беше тоа истакнато како најважната цел која што мора да се направи, најприоритетната. . Дезидеологизација на државата, односно идеологизација по теркот на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА.

Меѓутоа, јас ја повикувам Владата и парламентарното мнозинство, наместо деноноќно да работи и да соборува рекорди на владини седници од 15 часа, работејќи на дезиндеологизација, да работи во функција на европеизација на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика, пратеник господин Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Јас и благодарам на колешката Славица Грковска, која барем за малку беше концентрирана на темата која што денеска ја дискутираме, иако и таа со нормален фолклор е да се напаѓа Владата.

Јас би потенцирал повторно Шветска, Норвешка, Данска, Англија, Велс, Холандија, Шкотска, Словенија, Австрија, Кипар, Финска, Германија, Турција, Грција, Ирска, Бугарија, Хрватска, Чешка, Естонија, Унгарија, Италија, Латвија, Малта, Полска, Романија, Словачка, Шпанија, Србија, Белгија, Литванија, Луксембург, Португалија и Босна и Херцеговина во системот на јавно образование ја имаат веронауката и сите овие држави колешке се секуларни. Вие имате проблем при толкувањето што значи проблемот секуларност. И уште еднаш, ако сакате ќе ви го раскажам толку брзо и примерот со Германија, каде што финансирањето на верските заедници оди преку државниот систем, а сепак, Германија е секуларна. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега, продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник госпоѓа Цветковска Благородна, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам потпретседателе, почитуван министер, почитувани пратеници,

Во мојата дискусија, јас ќе зборувам за веронаука, како изборен предмет кој е предложен со Предлог законот за основно образование. И тоа, класична веронакука со теолози предавачи, без верска облека и верски обележја. За деветолетка од септември, тоа не е новина, тоа е веќе започнат проект. Каде што ние запревме, вие продолжете. Што не можевме, вие одолжете, но умешно. Не со амандмани во пет до 12 да доставувате за Предлог законот за основно образование.

Воведување веронаука, според мене, не може да ја спречи ерозијата на моралот.

Почитувани пратеници, оние што дискутираа досега околу оваа проблематика, поимот веронаука, не може во никој случај да биде поистоветен со поимот историја на религии. Тоа се два различни поима. Затоа им препорачувам да ги прочитаат евангелијата по Матеја, по Јован, по Лука бидејќи Библијата, овде верувам дека 20% ја имаат прочитано и тоа на старо словенски јазик. Другите ја немаат видено, а овде не полнат со божји проповеди и не знам какви не уште. Да бидеме искрени и јас живеев во тоа време. Тогаш кога сум родена, сум крстена, па никој не ги затворил ни моите родители, а верувам дека и почитуваните дискутанти што зборуваа пред тоа. Вие сте мнозинство, почитувани пратеници. Владата го донесува ова. Гревот ќе го носите вие на вашите плеќи, затоа што законот ќе се изгласа без претходна анализа и без претходно да ни се достават од спроведени анкети на ниво на цела Македонија во училишта, на совети на состаноци на родители и слично.

Во секој случај, јас би нарекла во мојата дискусија дека дискусијата треба да носи како наслов “Основни училишта и веронаука како изборен предмет”.

Факти кои говорат против веронаука во основното училиште:

Сведоци сме на кршење на норми од ваша страна. Морални, правни, а со самата иницијатива од ваша страна за воведување на веронаука во основните училишта само се потврдува фактот дека немате скрупули и најдрско ги кршите општествено прифатените норми.

Член од Уставот ја определува Република Македонија како секуларна држава. Не знам кој сакаше да ни објасни што е тоа секуларна држава. Немој да се обидува. Ние не сме овде аналфабети. Што значи одвоеност на црквата и државата, односно немешање на црквата во државни институции, а ако образованието е еден од основните столбови на државата. Со самото

тоа правите директен упад и на најбезобразен начин го кршите Уставот.

Од друга страна, со ваквиот предлог постои опасност, грубо речено, да осакатиме цели генерации на млади луѓе. А, како поткрепа на ова тврдење ќе ви спомнам неколку факти:

Најпрво, основен предмет и задолжителен и изборен во основното образование е биологија. Зошто, ќе речете? Според мене, во рамките на овој предмет, меѓу другото се изучува и потеклото и настанокот на човекот, односно Дарвиновата теорија. Замислете што ќе се случи кај младата личност! Каква конфузија ќе настане кога од една страна научно ќе им биде објаснето потеклото на човекот, а од друга страна, на часовите по веронаука ќе слушаат ставови дека човекот е настанат од угрушка, од кал и Бог е творец на човекот.

Ќе ја ставите младата личност пред дилемата и ќе и наметнете избор што е правилно, на кого да верувам? Едноставно, ќе ја доведете во состојба на збрканост, конфузија и неможност да се определи. А, крајниот резултат на тоа ќе биде или отфрлање на двете теории или прифаќање на двете, без можност да стекнеме знаење за она што е правилно и вистинито.

Друг непобитен факт е наметнување на веронаука на младите. Односно, што е со оние деца кои се атеисти и не ја прифаќаат религијата?

Трет, но не помалку значаен факт е што ќе настане голема подвоеност, сегрегација и уште поголем раздор помеѓу припадниците на различни верски исповести, односно секој ќе верува во вистинитоста на сопствената религија, во нејзиното толкување и тоа ќе придонесе за формирање на еднообразен и едностран поглед на светот.

Друг значаен факт е што припадниците на една вероисповест ќе учат дека нивната религија е исправна. Тоа ќе придонесе до развој на егоцентризам и етноцентризам, чиј највисок степен е национализмот.

Никој од нас не сака да создава и поттикнува развој на негативни морални особини кај младите. И, со ваквиот предлог, се плашам дека до тоа ќе дојде.

Можеби е добро одредено компромисно решение. Односно, изучување и воведување на социологија на религија или историја на религија, што ќе биде сконцентрирана кон укажување и потенцирање на моралниот кодекс на универзалните религиски системи и интегрирано изучување на соодветните религии, што според мене е најисправно. Но, тоа да го вршат лица кои се занимаваат со таа проблематика. Само во тој случај ќе имаме успех и ќе градиме здрави потомства.

Јас мислам дека само заеднички компромис и само универзални религиски системи можат да дадат еден заеднички став. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме.

Дали некој е за реплика? (Не)

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник госпоѓа Лалчевска Ристана, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Би сакала да изнесам некои свои размислувања и ставови по однос на Предлогот за измени и дополнување на Законот за основно образование и веднаш да изразам жалење што не работиме по оној нов деловник што е во собраниска процедура, со што ќе беше ускратено правото на Владата да поднесува амандман на Предлог и по истекот на правото на пратениците да интервенираат амандмански на Предлогот. Па сега ни се случува на Предлог со неколку члена да добиеме 19 амандмани. Јас се надевам дека пратениците наскоро ќе го изгласаат новиот деловник и правото за поднесување амандмани ќе тече еднакво за сите. Тука ќе бидеме рамноправни. А не Владата да има право вчера да ни поднесе толку многу амандмани. И, тоа, можеби не ќе беше толку страшно ако поднесените амандмани не беа со сосема друг концепт. Значи, немаа врска со концептот што првично го добивме. Така што, ќе морам некако во два аспекти да го разгледувам Предлогот, бидејќи во првиот Предлог што го добивме, се воведува верското образование и се усогласуваат одредбите со Законот за прекршоци, а со амандманите што вчера пристигнаа од Владата, веќе имаме нов концепт на основното образование.

По однос на делот за воведување на верското образование во основните училишта, би сакала да истакнам дека се врши измена на членот 24, со што се воведува нов член и се воведува верско образование.

Во текстот на членот не е пропишано кои предмети ќе бидат воведени и како право да се избираат. Меѓутоа, понатаму, во образложението се кажани дека во шестото одделение, а верувам дека така ќе биде во програмата што ќе биде изготвена, се воведува веронаука и историја на религија, како изборни предмети. Значи, учениците ќе имаат право, односно нивните родители да изберат дали нивното дете ќе го пуштат да изучува веронаука или историја на религијата. А, во седмото одделение ќе имаат право на избор меѓу етика и граѓанска култура.

Сосема е демократски и легитимно да имате право на избор.

Ние се стремиме кон европско образование. Ако ги разгледаме земјите членки или и оние кои тежнеат да влезат во Унијата ќе видиме дека во доминантен број на земјите има верско образование во училиштата, а воглавном постојат два системи:

Во едни земји, едни земји се определиле за систем секој да ја изучува својата религија, а

други држави се определиле за историја на религијата.

Сега, ние, по однос на ова, воведуваме право на избор дали ученикот ќе изучува веронаука или историја на религијата иако,јас лично сметам дека можеби требаше да одиме со концепт со кој што ќе воведевме задолжително изучување на историја на религијата. Со оглед на сите состојби кои ги имаме во образованието од аспект на силна ерозија на воспитната компонента која се случува години наназад, и некако како таа да ни се загуби во образованието. Ние сега мора да направиме напори да воведеме одредени предмети кои што ќе ја поправат таа воспитна компонента, и таа ќе добие друг правец, односно, ќе почне да оди во нагорна линија. Такви предмети, да, се етика, се граѓанско образование и историја на религијата. Меѓутоа не сум сигурна дека со правото на избор, во исто одделение на веронаука и историја на религии, ако така се предвиди во наставната програма, бидејќи во законот тоа не можеме ние да го видиме, ќе дојдеме до вистинско решение. Јас лично сум за воведување задолжителен предмет историја на религиите. Зошто?

Затоа што на таков начин детето ќе добие познавање на сите етички и морални вредности кои што ги проповедаат без исклучок сите религии, значи се она што е добро ќе го изучува и ќе знае да ги препознава моралните и етичките вредности. Меѓутоа, ќе видиме како тој концепт понатаму ќе се развива.

Во други пак земји е воведен задолжителен предмет во основното, а право на избор, односно факултативно во средното образование. А одреден број земји се определиле пак само за факултативна настава, односно право на избор на ученикот дали ќе изучува некој од овие предмети, од веронаука или нема да изучува. Меѓутоа, морам да кажам дека во поголемиот број на земји историја на религии или запознавање со религии се изучува како предмет.

Јас останувам на ставот да размислиме дали да воведеме, сега, со оваа одредба, верското образование само го воведуваме, правиме една законска рамка. Меѓутоа, со програмата кога ќе се изготвува, верувам дека Министерството веќе работи на тоа, да се размисли за, барем или две години, задолжително изучување на историја, односно запознавање со историајта на веронауките.

Мислам дека тој концепт е многу поприфатлив и од аспект на етничкиот состав на државата, значи во нашата држава живеат припадници на повеќе религии и би било сосема на место и би било сосема исправно да учениците добијат основни познавања од сите религии за да можат меѓусебно да се почитуваат и да имаат сознанија што тие религии проповедаат, односно не во смисла што проповедаат, туку кои се тие морални и етички норми, дека нема разлика во тоа што е добро што го изучуваат сите религии.

Тоа е во делот на воведување на верското образование во основното училиште.

Сега, во делот на амандманите што ни беа доставени во текот на вчерашниот ден, што се 19 на број, веднаш ќе кажам дека, дури и со одредени грешки, дури од техничка природа, се надевам дека до крајот на расправата Министерството ќе интервенира во оние делови на кои што беше укажано на расправата на Комисијата и со амандмани ќе ги отстрани, бидејќи ние сега немаме право на никаква амандманска интервенција по овие амандмани. Тоа е таа неправда за која зборував на почетокот, во однос на фабричката грешка што ја има нашиот Деловник, па ги става пратениците во подредена положба.

Потребни се интервенции во амандамнот 1, ставот 3, апсолутно не припаѓа во овој дел, затоа што тука се третира постапка и начин за полагање на испитот на директорот. Тоа значи воопшто не е предмет на регулирање на членот 3.

Инаку, го поддржувам концептот што се воведува, односно деветолетката што со овие амандмани се разработува, што ќе биде во три периоди. Од прво до трето, па потоа од четврто до шесто, па од седмо до деветто одделение и ќе бидат опфатени децата од 6 годишна возраст. Значи, ќе бидат опфатени децата од 6 годишна возраст во прво одделение. Тоа е она што беше досегашната нулта група.

Во амандманот 3 се предвидува организираање на продолжен престој на учениците од прво до петто одделение, по барање на родителот односно старателот. Во сегашниот наш систем постои целодневна настава и престој. Продолжен престој, значи немаме никакво појаснување што значи, како ќе биде организиран, колку временски ќе трае престојот, на кого ќе падне, затоа што стои по барање на родителот, на кого ќе паднат трошоците за тој продолжен престој, затоа што да потсетам, според Уставот и според законските одредби основното образование е задолжително и бесплатно. Што значи дека државата треба да го преземе целокупното организирање и финансирање на продолжениот престој на учениците.

Меѓутоа, треба да биде јасно и прецизно колку? Дали еден час, два, или три часа ќе престојуваат после наставата, дали ќе биде организирано како целодневната настава итн. Значи, овој амандман навистина има големи недоречености како ќе се организира продолжениот престој на учениците.

Инаку, со оглед да кажеме дека работното време кај нас е организирано од 8,00 до 16,30 часот, значи некако мора да го организираме и училиштето, согласно работното време и ако предвидуваме целодневна настава или нешто слично на тоа, мора да го имаме предвид и работното време на родителите на децата.

Тука е кажано дека ќе има годишна програма за работа на училиштата. Меѓутоа, кога ќе се изготвува таа програма, треба сето ова да се има во предвид.

Во амандманот 4 се вели дека од четрто до шесто одделение за ученици во наставата се планираат различни облици на настава. Какви? Навистина се поставува прашањето какви различни облици? Во ниво на сложеност. Меѓутоа, какви? Дали учениците ќе бидат прегрупирани според покажаните резултати, апсолутно е нејасно какви ќе бидат тие различни облици на настава. Мислам дека предлагачите требаше да ни дадат појаснување што всушност ќе воведеме со овој амандман, за да имаме претстава и ние, како пратеници, а и јавноста што воведуваме со оваа реформа.

Имам забелешка на амандманот 7, со кој што сега, школскиот час од 40 минути се продолжува на 45 минути. Да ве потсетам тука, дека според Законот за средно образование, таму школскиот час трае 40 минути. Сега, ние, во основното ќе воведеме 45 минути. Тоа е една работа. Значи, школскиот час треба да биде еднаков за сите.

Друго, училиштата почнуваат со настава од 8,00 часот, така што првата смена завршува некаде во 13,30 часот. Во 14,00 часот започнува втората смена. Во поголем број на училишта се работи во две смени. Дури, некои училишта во внатрешноста работат со меѓусмена. Децата од помала возраст, од прво, второ, трето одделение одат во меѓусмена, затоа што се толкави просторните можности.

Сега, со зголемување на времетраењето на часот за 5 минути, ние ќе го продолжиме за 5 часа уште за 40-45 минути траењето, времетраењето на часовите и со тоа не ќе можеме да ја организираме во 14,00 часот втората смена. Ако го поместиме после 14,00 часот ќе се доведеме во ситуација учениците кои ќе одат во втора смена дома да се враќаат во 21,00 часот. Мислам дека ова навистина е неприфатливо како решение.

Затоа мислам дека до крајот на расправата предлагачот треба да размисли за овој амандман и во најмала рака да го повлече, бидејќи нема можности со оглед на почнувањето на наставата и завршувањето на наставата да се организира.

Мене ми е јасно дека се оди на тенденција на воведување едносменско работење, значи само во една смена да се одвива наставата. Меѓутоа, сега немаме никакви можности тоа да го направиме, бидејќи немаме доволно просторни капацитети итн за да сите училишта можат да организираат настава во една смена. И би требало да си остане решението часот да трае 40 минути.

Не држи образложението дека имало многу празници, па заради тоа сега не можело да се постигне со наставната програма. Пет минути ништо не значат на еден час. Меѓутоа кога ќе ги соберете по пет минути на седум часа и учениците се враќаат во 21,00 часот во попладневната смена, мислам дека брзо ќе се откажеме од ова.

Тоа се воглавно забелешките и размислувањата што ги имав по однос на овој предлог. Се надевам дека во иднина Владата ќе ни доставува предлог сериозно изработен без потреба од амандманска интервенција во пет до дванаесет, барем до донесувањето на новиот деловник.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Игор Ивановски. Не е присутен во салата.

Има збор пратеникот Лилјана Поповска, не е присутна во салата.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, не е присутен во салата.

Има збор пратеник Весна Јаневска, не е присутна во салата.

Има збор пратеник Ацо Киров, не е присутен во салата.

Има збор пратеник Шабан Салиу, не е присутен во салата.

Има збор пратеник Роза Топузова Каревска, не е присутна во салата.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование.

Пред да ве повикам да гласаме, би сакал да ги повикам сите колеги кои се надвор од салата да влезат, бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Почитувани колеги, бидејќи сум информиран дека доаѓаат нови амандмани од Владата по однос на овој закон, објавувам пауза од 20 минути додека се умножат и да се поделат на сите колеги пратеници.

Пауза од 20 минути

(Пауза од 17,00 часот до 17,35 часот)

**Бесим Догани:** Почитувани дами и господа, бидејќи амандманите од Владата ви се поделени.

Претресот по Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон е затворен.

Ја прекинувам седницата.

Утре со почеток во 11,00 часот продолжуваме со новата 38-ма седница, а по завршување на 38-та седница продолжуваме со денешната 36-та седница.

(Седницата прекина со работа во 17,40 часот)